**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Али Ахмети, Стојан Андов, Александар Спасеновски, и Владо Бучковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред преминеме на десетата точка имам предлог, бидејќи претставникот на Владата по оваа точка не е присутен на седницата согласно член 74 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлагам оваа точка да ја разгледаме кога претставникот на Владата ќе биде присутен.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласаа 56 пратеника. Сите гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По предлогот гласаа 56 пратеници, сите 56 гласаа за.

Пред да го констатирам гласањето дали е полноважно, ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 58 пратеници.

Гласањето не е полноважно.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да може да се изврши гласањето.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Можеме полноважно да одлучуваме.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласаа 59 пратеници, сите 59 пратеници гласаа за, нема воздржан, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има против? (Нема)

По предлогот вкупно гласаа 59 пратеника. Сите 59 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласаа 57 пратеници. Сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема).

Дали има против? (Нема).

По Предлогот на законот вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за гласаа сите 57 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против нема ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за финансиско обезбедување**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трајко Славески, министер за финансии.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

На дневен ред на денешната седница е Предлог за донесување на закон за финансиско обезбедување.

Со Законот за финансиско обезбедување се уредуваат условите и начинот за користење на финансиско обезбедување за побарувања врз основа на договори за финансиско обезбедување. Со предложениот закон се овозможува интеграција и ефикасност на финансискиот пазар како стабилност на финансискиот систем притоа подржувајќи ја слободата за обезбедување услуги и слободното движење на капитал на единствениот пазар на финансиски услуги. Во законот е точно наведено кои субјекти подлежат на овој закон кога склучуваат договори за финансиско обезбедување. Со цел да се постигне

транспарентност и отвореност на македонскиот пазар на капитал овој закон не се однесува само на субјекти од Република Македонија, туку и на субјекти од странство. Со донесување на законот за финансиско обезбедување се очекува да се обезбеди поголема сигурност на финансиските трансакции меѓу субјектите, да се зголеми ликвидноста и ефикасноста на финансискиот пазар истовремено намалувајќи го административниот товар при склучување на договори за финансиско обезбедување. Согласно дефинираните цели и рокови за усогласување со европската легислатива во првата половина на 2008 година треба да се изврши усогласување, тоа и го правиме на домашното законодавство со директивата 2002/47 ЕЗ на европскиот Парламент и Советот од 6 јуни 2002 година за аранжмани на финансиска гаранција поради што беше подготвен посебниот закон за финансиско обезбедување. Оттука заради исполнување на обврските што Република Македонија ги презеде во рамките на процесот на пристапување кон Европската унија произлегува потребата за донесување на овој закон по итна постапка.

Од изнесените причини ве повикувам да го усвоите законот за финансиско обезбедување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој).

Дали има воздржани? (Нема).

Дали има против? (Нема).

По Предлогот на законот вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за гласаа сите 65 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против нема ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за финансиско обезбедување.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на “Проектот за изградба на фискултурни сали”**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Трајко Славески, министер за финансии.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Реформата на образованието во Република Македонија е дел од приоритетите во тековниот петгодишен план 2006-2010 година на Владата на Република Македонија. Изградбата на фискултурни сали има за цел подобрување на физичкото образование во основнит и средни училишта низ целата земја и претставува дел од реформата на образованието. Владата на Република Македонија донесе одлука за реализација на Проектот за изградба на фискултурни сали. Преку Проектот за изградба на фискултурни сали Владата на Република Македонија очекува да постигне усогласување на образованието во Република Македонија со препораките на Советот на Европа кои се однесуваат на физичкото образование во основните и средните училишта. На овој начин ќе ги подобриме перформансите на учениците во однос на предметите кои ги изучуваат, дополнително долгорочно ќе го подобриме здравјето на учениците и ќе ја поттикнеме социјалната интеракција меѓу учениците со различна национална припадност и способности. Овој Проект вклучува изградба на 145 фискултурни сали од кои 115 фискултурни сали во основните училишта ќе бидат финансирани со средства од Буџетот на Република Македонија. Останатите 30 фискултурни сали ќе бидат изградени во средните училишта ширум земјава. Вкупната вредност на Проектот за изградба на 30 фискултурни сали во средните училишта изнесува 14 милиони и 300 илјади евра.

Почитувани пратеници, се надевам дека ќе имате во вид дека со реализација на овој дел од Проектот секое средно училиште во Република Македонија ќе добие фискултурна сала, тоа е нашата цел. Владата на Република Македонија одлучи Проектот за изградба на 30 фискултурни сали делумно го финансира со заем од Банката за развој при Советот на Европа во висина од 12 милиони и 500 илјади евра што претставува 87% од вкупната вредност на Проектот. Остатокот од 13%, односно 1 милион и 800 илјади евра и дополнителни 18% од вкупната вредност на Проектот за подмирување на обврската по основ на данок на додадена вредност ќе се обезбедат во Буџетот на Министерството за образование и наука. Тука би сакал да напомнам дека оваа банка, Банката за развој при Советот на Европа понуди заем со најповолни услови. За таа цел по одобрувањето на заемот од страна на административниот совет на Банката за развој при Советот на Европа и по извршените преговори по Нацрт текстот на Рамковниот договор за заем. Двете страни, односно Министерството за финансии во име на Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа се договорија заемот да се даде под следните услови.

Прво, рокот за отплата ќе се утврдува за секоја транша одделно при што рокот на отплата може

да биде до 20 години, вклучувајќи грејс период до пет години.

Второ, каматната стапка и валутата ќе се одредуваат за секоја транша од заемот одделно на денот на повлекување на истата. Каматната стапка за сервисирање на заемот може да биде варијабилна, или фиксна. Варијабилната каматна стапка е ЕУРИБОР зголемен за варијабилен распон. Заемот ќе се повлекува во неколку транши. Износот на секоја транша ќе се одредува во зависност од напредокот во изградбата на фискултурните сали, реализацијата на Проектот и планираните активности за идниот период. Заемот ќе се повлекува во најмалку две транши. Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од стапување на сила на Рамковниот договор за заем и не треба да надмине 50% од вкупниот износ на заемот. Повлекувањето на следните транши ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дек а90% од износот на претходната транша е алоциран. Сервисирањето на заемот ќе се врши со средства од Буџетот на Република Македонија. Очекуваме изградбата на фискултурните сали во средните училишта да се реализира во периодот од 2008 до 2010 година. Планиран датум за завршување на Проектот е 30 јуни 2011 година. Со цел поефикасна реализација на проектот основана е единица за имплементација на Проектот која функционира на Министерството за образование и наука и посветено работи на подготовката на овој дел од Проектот за изградба на фискултурни сали. Сепак, за целосна реализација и обезбедување на делумно финансирање на горе споменатиот проект кој вклучува изградба на 30 фискултурни сали во средните училишта потребно е Министерството за финансии во име на Република Македонија да склучи Рамковен договор за заем со Банката за развој при Советот на Европа со цел регулирање на правата и обврските на договорните страни. Согласно законот за јавен долг вредноста за склучување на Рамковниот договор за заем е донесување на закон за задолжување од страна на Собранието на Република Македонија. За таа цел Владата на Република Македонија достави Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали, до Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратници сметам дека погоре изнесените аргументи се доволни Собранието на Република Македонија да го поддржи и усвои Предлогот за донесување за закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ова е една стара тема која што ја започнавме во минатиот состав, но тогаш Собранието и тогаш парламентарното мнозинство оцени дека не е баш погодно пред изборитге да се зборува за задолжување на Република Македонија од 12,5 милиони евра и затоа се реши тогаш седницата и да прекине и оваа точка да не продолжи.

Инаку, во интерес на вистината, да потсетам дека овој закон Владата го донесе и реши да ги задолжи граѓаните на Република Македонија од 12,5 милиони евра со седница одржана на 2 јануари оваа година. Дали под влијание на Новогодишното расположение, тоа не знаеме, ќе покаже времето, Владата на ВМРО-ДПМНЕ се реши младите за кои што треба да бидат наменети овие сали кога ќе пораснат и кога ќе остварат право на работен однос да мораат да го плаќаат оваа неразумна и нерационална одлука најмалку економски оправдана, одлука на Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

И сега пак ќе ги слушнеме истите приказни дека спортот, салите се битна работа. Да, тоа никој не го попречува, никој нема дилема за улогата и значењето и на здравјето и на спортот. Но, зборуваме за приоритетите. Но, пред да се осврнам на законот што е пред нас и тогаш во претходната расправа, тогаш господинот Никола Поповски го отвори прашањето на уставноста и на процедурата поврзана со овој закон. А тоа е дека по Законот за јавен долг Собранието може да донесе одлука за задолжување која е позната, односно можеме да знаеме колку ќе чини. И ако ги погледнете сите закони кои што досега ги има донесено за задолжување ова Собрание, без разлика на состав, имате и во следната точка исто задолжување заем за патишта. Каматната стапка е позната работа.

Таа варира од познатите еурбор плус 0,75 или плус 1, зависи како е дефиниран. Но, оваа каматна стапка е непозница и практично сите оние кои што ќе притиснат за задолжување на граѓаните на Република Македонија не ќе знаат точно за колку средства се работи.

Од друга страна, законот што ни се нуди, а тоа е во членот 4 дека каматната стапка ќе се одредува за секоја транша во траење одделно на денот на повлекување во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија, тоа за жал не е имплементирано во Рамковниот договор за заем склучен со Банката за развој при Советот на Европа. Имено, таму пишува, што се однесува до делот на каматната стапка, ќе се определуваат заеднички меѓу заемопримачот и ЦЕП со факс. Ако факсот не работи, ќе има поголема камата или помала, тоа не знаеме. Но во законот што е даден еден е тој што одредува, а тоа е Собранието, но од друга страна во Рамковниот договор што е потпишан се исклучува единствената институција која може да донесе одлука за задолжување, а тоа е Собранието на Република Македонија. Дали ова е направена грешка затоа што тогаш бил 2 јануари, не знам но

ова е нешто за кое и вие претседателе согласно Деловникот на работа на Собранието морате материјалите доколку се надвор од Уставот и законите, тогаш да не ги ставите на дневен ред.

Изразувам сериозна загриженост и сомнеж зошто ова е направено. Дали некој или ние ќе покренеме барање за оценка на уставноста, оценка на законитоста на ова, ќе покаже времето, но денес зборуваме и сакам да зборувам за тоа што во овој момент ни се нуди. За жал, политиката на најави, а не на реализација е една политика што ВМРО ДПМНЕ успеа да ја прикрие со огромните реклами и средства. Ова е еден типичен проект, фискултурните сали или спортски сали, еден типичен проект кој што добро функционира во кампањите, ама слабо гледаме дека се реализира во пракса, и онаму каде што е направен или фали струја или  фали вода, при што нема шанси тоа да се случи, или за жал ако градоначалникот припаѓа на општина во која не е партијата ВМРО ДПМНЕ, тогаш истата сала не се дава на соодветното основно училиште каде што е направена. Еден апсолутно политички проект кој што има за цел да ги доподели и да ги обележи основните училишта во Република Македонија, во овој случај тоа се проширува на средното училиште.

Во Република Македонија фалат многу работи во образованието и затоа да бидеме коректни и конкретни ние зборуваме за приоритетите. Денес читаме на насловната страница во “Утрински весник” дека околу 6 илјади осмооделенци не се запишале во средното образование. Владата на ВМРО ДПМНЕ има донесено закон за да ги казнува родителите со илјада евра на тие деца што нема да се запишат. Но која е една од причините, зошто не можат тие да се запишат, да го погледнеме бројот на основните училишта и да го спореме со бројот на средните училишта во Република Македонија. Тој е четири пати поголем во корист на основните училишта.

Денес читаме дека ако некој ученик од берово сака да учи средно училиште во Струмица, државата ќе му ги плаќала средствата. Да видиме дали во овој момент во делот на образованието приоритет се нови средни училишта, нови и подобри услови во рамки на училиштата, дали можеби тоа се задолжителни стоматолошки услуги во секое основно училиште што директно ќе влијае на здравјето на учениците, или тоа се партиски сали со партиски обележја во кои за жал во поголем дел од нив нема соодветна инфраструктура.

Затоа, да не правиме лажни дилеми во јавноста дали на учениците им треба спорт или не, туку дали на Македонија во овој момент и треба задолжување од 12,5 милиони евра за сали со партиски  обележја. Минатиот пат имавме дилема каде што господинот Матоши ја бранеше одлуката, а пратениците од ДУИ ја критикуваат, верувам, сега ќе биде обратно, само не знам дали сега обележјата на салите ќе се сменат бидејќи ДУИ има една плава нишка на своето знаме. Тоа ќе покаже времето, но во Македонија реков и во образованието има поприоритетни работи, но мислам дека и во државата има поприоритетни работи, пред се од инфраструктурен карактер. Многу покорисно е да се направи конечно железничката пруга до Исток и железничката пруга до Бугарија. Дали тоа повеќе ќе му боднесе на бизнисот во Македонија, тој да оствари повеќе профит, па тоа да биде генератор на нови средства ко и ќе се употребат во образованието, или ќе направиме објекти од кои не можеме да формираме ниту нови работни места, ниту можеме во стопанството да вратиме нешто.

Затоа, да не зборуваме за политика, да зборуваме за реалните потреби на Република Македонија. Јас не знам дали во Буџетот овие 13% што ги спомнува Владата ги има обезбедено и дали носител на целиот овој проект е Агенцијата за спорт и млади или Министерството за образование и наука, затоа што Министерството за образование и наука кое беше предводено од кадар на ДПА не знам дали се решило на салите да ги поставува симболите кои се партиски обележја. Минатиот пат ги покажувавме тие слики, мислам дека тие се добро познати во јавноста и во овој момент нема потреба да се потсетуваме на тоа. Но мислам дека е преголема импровизацијата да ја задолжиме Македонија со 12,5 милиони евра во услови кога државата добро, благодарејќи на нафтената криза во светот и зголемување на цената, и повеќе од проектираното го полни Буџетот на Република Македонија. Но за жал, многу пари потрошивме на реклама, се покажа дека тоа е благопријатно за Владата, но мислам дека тоа не е правец и начин на кој ќе се развива економијата во Република Македонија. Премногу пари во буџетот се трошат за разноразни небулозни кампањи, за проекти од кои никој нема да има ќар во смисла на ново работно место, во смисла на подобар живот, на поефтини производи, поефтина нафта, туку напротив Буџетот се зголемува единствено за да може да се зголеми бројот на кампањи, да се зголеми бројот на реклами.

Сите сме сведоци дека заради зголемувањето на цената на нафтата и нафтените деривати, и затоа Владата никако не сака да се откаже од делот на намалување на ДДВ, бидејќи приходната страна во Буџетот енормно се зголемува, а таа кога се зголемува тогаш има повеќе шанса за промоција на сали кои немаат струја, за сали кои немаат вода, за сали кои се само карабина во многу места, сали кои по два три пати се отвораат единствено пред избори и најмногу во места за жал каде што градоначалници се луѓе кандидати од ВМРО ДПМНЕ. Реков таму ако случајно грдоначалникот е од друга партија, тогаш таа сала не се дава во стопанисување или во менаџирање на основното училиште во кое е направена со единствена цел, да се закочи или да се создаде меѓу населението привиден впечаток дека локалната самоуправа во тоа место не функционира.

Затоа, оваа импровизација мислам дека Владата треба да ја повлече, дека со 12,5 милиони евра

може да се решат многу проблеми во Република Македонија, можат да се отворат многу работни места. Не мора на странските инвеститори ниту да им даваме без пари да отвораат овде, да им дадеме земјиште без пари, данок да не плаќаат 3-4 години, само за 30-тина работни места, каде што профитот оди во странската компанија, туку можеме со овие 12,5 милиони евра да го стимулираме македонското стопанство, да ги стимулираме македонските компании да го зголемат претприемачкиот дух, да ја зголемат својата компетитивност, да вложат технологија во себе за да можат да бидат конкуренти на светскиот пазар.

Затоа, мислам дека е преголем ризик секој што ќе гласа денес да направи задолжување од 12,5 милиони евра за генерации кои кога ќе изиграат два баскети во салата, затоа што не ги отвораат многу често, да мора да ги враќаат овие пари бидејќи грејс периодот е таков од пет години ако не се лажам и да ги враќаат парите потоа и нивните родители, кои ќе се согласите, не се живее добро во Република Македонија. Затоа, кога цените одат нагоре, кога невработеноста е рак рана сеуште, и те како 12,5 милиони евра имаат подобра економска оправданост да се вложат во многу други работи. Реков, може да се избере инфраструктурата, многу патни правци може да се изградат со овие пари, може да се вложи во подобрување на економската и бизнис климата во Македонија, да се поттикнат многу мали и средни претпријатија да бидат покомпетитивни на пазарот и на крајот на краиштата и во образованието приоритетот може да биде на ддруги објекти отколку на спортски сали.

Уште еднаш да повторам, не не убедувајте колку е добар спортот, битен во образовниот процес и здравјето, бидејќи тука немаме дилема. Имаме дилема дека со 12,5 милиони евра може да се подобри лажниот коруптивен проект “Комјутер за секое дете” кој не функционира, а требаше да профункционира на 1 септември 2007 година. Може да се подобрат или да се отвори таа сала, тоа средно училишта во Шуто Оризари што премиерот ја вети, ама не се отвори, може да се направат средни училишта каде што ќе може законската обврска да се исполни, а не 6 илјади основци денес да не можат да се запишат и да се плашат дека Владата ќе ги казни со илјада евра родителите кои крпат крај со крај зошто не можат нивните деца да ги запишат во средни училишта.

Затоа, се надевам дека разумно ќе преовлада и дека едно задолжување кое апсолутно прво е незаконски, второ е огромно, 12,5 милиони евра не се малку пари, при што Владат си има свое учество од 13% и плус целото ДДВ што ќе мора да се подмири по основ на обврските, така што парите вкупно доаѓаат 14.300.000 евра, пари кои ќе можат сите ќе се согласиме да се вложат во могу поприоритетни работи. Има приоритетни работи ова исто, но има работи кои што се поприоритетни, кои можат многу повеќе да помогнат за поголем број на граѓани во Република Македонија, а тоа е невработеноста, тоа е економијата, а основата во тоа реков е инфраструктурата. Отплатата ќе биде на 20 години, греј периодот реков дека е пет години и практично луѓето таман кога ќе го добијат своето прво вработување уште ќе го плаќаат овој потез на Владата кој што апсолутно не можам да го разберам, за кој има пари во Буџетот како што вели Владата, ама таа ги користи за други средства.

Се надевам дека во Рамковниот договор што е потпишан Владата ќе го следи се она што е потпишано во Рамковниот договор, така што нема да дозволи сита лога на партиски симболи да бидат присутни во салите, бидејќи пишува дека е тоа недозволиво, дека проектот ќе биде во согласност со процесите за спречување на измама, корупција и перење пари - за тоа можеме да дискутираме, натаму тргна овој проект, имплементацијата на проектот да не доведе до прекршување на европската конвенција за човекови права, тоа значи дека децата кога ќе влегуваат внатре да бидат ослободени од партиски симболи и тоа да биде наменето за сите деца без разлика на припадноста на нивните родители или верската припадност и се разбира, проектот да биде во согласност со принципите за управување со животната средина, но како тргна Владата така и работи, бидејќи ниту струја ниту вода имаат салите, па не можат ни да ја загадуваат животната средина.

Во Република Македонија има поголем процент на етнички заедници кои не се во доминантен број во Република Македонија. Дали почетните сали со партиски обележја значат дека соодветно и 25% од салите ќе бидат со обележја од албанската етничка заедница, 4% од турската етничка заедница, па Србите, Ромите, Бошњаците, Власите, сие ќе си имаат своја сала каде ќе ги ставаат своите обележја.

Затоа, овој проект кој што служи само за политичка кампања, проект кој што ги поместува приоритетите за економски развој на Република Македонија и проект кој ќе ги задолжи граѓаните на Република Македонија со 12,5 милиони евра апсолутно непотребно е проект кој Владата треба дас го повлече, проект кој што не носи ниту подобра економија, не носи ниту повеќе работни места, ниту решава горливи прашања во Република Македонија. Тоа е проект од кој што само ќе имаме нефункционални во целина спортски сали, со непознат покровител, со сопственост не знам дали на Агенцијата или на Министерството за образование и наука, во услови кога 6.800 основци не може да се запишат во средното образование, пред се, заради немање соодветна инфраструктура во рамките на средните училишта.

Затоа, Владата овој кредит, ако е толку цврсто решена да го земе, прво мора да го напрви во согласност и со Законот за јавен долг и со Уставот и второ да го употреби за она што се приоритети во Република Македонија. Ние имавме едно искуство од 2002 година од спортските сали кои

беа градени од Влаата на Љубчо Георгиевски, кога министер за финансии беше Никола Груевски, но за жал повеќето од нив останаа карабина, повеќето од нив сеуште се грда слика во многу општини, а дел од нив Владата наводно под нова инвестиција ги заврши овие работи кои без дозвола за градба беа започнати да се градат.

Друго е прашањето колку од овие сали имаат соодветна документација. Си има институции кои треба да го проверат. Но, да зборуваме за крупната тема дали во овој момент овие 12,5 милиони евра со кои парламентарното мнозинство и ВМРО-ДПМНЕ сакаат да ги задолжат граѓаните на Република Македонија можат да се употребат на поприоритетни, пред се од социјалната и економската сфера работи во Република Македонија?

Затоа пратеничката група на СДСМ ќе гласа против ваквото задолжување на граѓаните на Република Македонија со 12,5 милиони евра и плус двата милиони евра од Буџетот кои не знам од која ставка ќе ги извадат, а ќе ги потроши Владата на Никола Груевски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Ивица Георгиевски,повелете.

**Ивица Георгиевски:** Благодарам претседателе,

Прво, би му благодарил на потпретседателот на СДСМ што ја потсети македонската јавност првенствено за проектот од 2002 година, се работеше за изградба на 35 спортски сали кои грубо беа прекинати точно 5 години беа груба слика на сите општини каде беа оставени на забот на времето. За разлика од таа Влада, Владата на ВМРО-ДПМНЕ го реализира тој проект повторно и започна со изградба на спортските сали. Градбата тече, 6 спортски сали се готови уште 2 се готови и јас лично би го замолил потпретседателот на СДСМ ако може да му се јави на градоначалникот на Демир Хисар да ни обезбеди вода и струја за да можеме и таа спортска сала да ја пуштиме во употреба затоа што е готова веќе месец дена, но градоначалникот одбива да ја пушти од само за него познати причини.

Исто така, бутка би зборувал, бидејќи беше спомнато за сопственоста, не е точно дека на овие или оние општини им се даваат салите т.е. се бира на кое училиште ќе биде спортската сала, напротив, спортските сали, најголемиот дел од нив, се во близина на училишта и сите се сопственост на училиштата кои се најблиски до нив. Тука не се бира каде, туку во зависност на близината на училиштата.

Една тема што беше спомната во поглед на партиските обележја која на крајот од дискусијата господинот Јани Макрадули го кажа, не се работи за партиски обележја, на дел од салите има македонски обележја, дел од нив се дизајнирани од член на СДСМ Мирослав Грчев, се работи за стилизиран македонски лав и не знам зошто би му пречел тој симбол, кога очигледно на останатите Македонци тоа не ни пречи.

Беше спомнато прашањето на приоритет, очигледно на оваа Влада приоритет се младите и спортот затоа толку средства и толку внимание се посветува на образованието и спортот. Се надевам дека ќе биде подржан овој закон токму од таа причина затоа што младите треба да ни се приоритет на сите, а не како што некои членови од СДСМ  се за легализирање на лесни опојни дроги, напротив, оваа Влада е за промовирање на спортот, на спортските капацитети, на спортската инфраструктура и  толкави средства се инвестираат најмногу заради младите и најмногу заради тоа што ни претстои во 21 Век да имаме силна нација со здрава младина која нема да биде склона кон девијантните појави. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, повеќе од една минута ќе ми треба, но ќе се обидам нешто да кажам.

Можеби во Демир Хисар нема вода, но затоа има лав. Но, проблемот е што политиката по закон и Устав е забранета работа во основните училишта. Вие, кога ќе го натерате под лавот, тогаш Матоши сакаше да влегува под лавот, но не знам сега дали ДУИ ќе сака учениците да ги пушта во школо каде има лав. Затоа зборувам политиката по Устав е надвор од основните училишта. Да не ги делиме луѓето од мали .

На пример салата на која камен темелник стави Никола Груевски во Ново Село е 2 километри оддалечено од најблиската водоводна и канализациона мрежа, без пристапен пат. Сега сакате да ме убедите дека е наменски проект и дека реално ќе се оствари. Не, тоа е само собирање на поени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Во меѓувреме се јавија пратениците Јован Лазаров и Живко Пејковски.

Согласно Деловникот, за реплики не може затоа што пратеникот Јани Макрадули по завршувањето на неговиот говор може да се јави до завршување на репликите на неговиот говор за да даде појаснување и т.н. До колку барате процедурално, тоа е веќе друго прашање. Ако сте за реплика ве молам вашето време на пријавување е надвор од Деловникот.

Господата Лазаров и Пајковски, бидејќи биле за реплика се исклучија.

За збор се јави господинот Љубисав Иаванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам претседателе,

Јас припаѓам на оние луѓе што се радуваат  кога се гради. Целиот свој живот сум го употребил во тој поглед, во развој, во градење, во создавање на големо материјално богатство со што се збогатува општеството, народот, нацијата.

Според тоа, јас се радувам кога се инвестира во сите правци во животот на граѓаните на Република Македонија. Дали е тоа во образованието, дали е во здравството, дали е во економијата, тоа практично на широк план ја развива државата.

Изградбата на вакви објекти, како што е образованието, здравството и другите институции во државата се во функција на економскиот развој на самата држава. Таа изградба секогаш сум се залагал и сега се залагам да ја вршат нашите градежни фирми, да се користат материјали од нашата градежна индустрија. Ако така се обезбедува и така се работи, тогаш таквите инвестиции, таквите вложувања се во функција на развојот на тој дел на нашата економија.

Тоа е едниот аспект кој е многу значаен, бидејќи развојот на инфраструктурата не е ништо ново ако кажам дека таа претставува основа, база на развојот на целокупната економија. Вие знаете овде има многу млади луѓе, од големите кризи кои беа во 1929-30 година која ја зафати Европа, Америика. Познати се процесите во Америка каде со развојот на инфраструктурата практично настана огромен развој на целокупната економија.

Јас немам претензија да кажам дека со овие 12,5 милиони евра ќе започне некој голем развој на останатата економија. Меѓутоа, секое вложување, секоја инвестиција во сите правци, сега зборуваме само за еден сегмент за изградба на фискултурни сали, но ако тоа го погледаме на поширок план и ако тие вложувања се движат во многу поголеми размери, тоа ќе претставува голем потенцијал за развојот на нашата држава. Меѓутоа, ова вложување треба да го гледаме и од друг аспект, а тоа е аспектот на изградба на личноста на нашите деца, на нашите младинци, на нашите граѓани. На овој начин ние ќе ги привлечеме тие наши деца, тие наши младинци, тие ученици ќе ги извлечеме од кафеаните, ќе ги извлечеме од улица, ќе ги спречиме да се бават со алкохол, дрога и други недозволени средства, туку низ својот физички развој го развиваат и моралниот дел, се градат како позитивни личности и успешни граѓани на нашата земја.

Можам да и замерам на оваа Влада само една работа, а тоа е тоа што го вети го спроведува. Ние можеме да ја критикуваме програмата на Владата, а за тоа ќе имаме прилика кога ќе биде инаугурирана Владата, кога ќе биде понуден составот на Владата да кажеме дека програмата на Владата во тој и тој дел не е добра, меѓутоа, кога веќе таа програма ќе биде усвоена од овој највисок законодавен дом, тогаш таа програма веќе е програма на Влада, не е веќе програма на една партија или дел од партиите. Таа практично е програма на таа Влада, бидејќи таа Влада не е само Влада на тие партии што ја сочинуваат, туку таа е македонска Влада на сите граѓани.

Според тоа, негативната енергија би било корисно да се изразува во други правци, да не се настојува по секоја цена тој негативистички дух и негативната енергија да се искажува и во вакви ефикасни корисни работи. Тоа е богатство кое им припаѓа на сите граѓани на Република Македонија. На тие сали кои ќе ги изградиме нема да стои амблемот на една партија, на една коалиција или на некоја Влада која е главен носител на тој развој, но тоа длабоко останува во сеќавањето на граѓаните дека таа Влада во таа насока во развојот на образованието, здравството, економијата достигнала високи дострели и дека другите идни влади кои ќе доаѓаат ќе настојуваат тие дострели да бидат поголеми и позначајни, тоа значи да се создава еден непрекинат развој во државата.

Сите Влади сум ги подржувал дали сум учествувал во Владата или сум бил во опозиција кога нуделе развојни програми и во тој поглед јас ќе бидат задовоелн и среќен кога ние и како позиција и како опозиција би имале едногласност и би работеле на тоа што повеќе да ја изградиме сопствената земја.

Повеќе би се заложил на тие тендери да не се наоѓаат поедини луѓе или поедини групации, туку тие тендери да служат на општеството, на државата, на развојот на Република Македонија и што повеќе се користат македонски производи, македонска роба, низ тој начин, низ таа форма ја развиваме соптвената држава.

Според тоа, јас подржувам секој закон што значи материјално збогатување на сопствената земја и сопствената држава. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер во оставка на Владата на Груевски,

Јас би започнала со освежување на меморијата од завршувањето на седницата од 27 февруари кога дебатиравме точно околу овој предлог на Владата, не е изменет ни збор.

Седницата во тој момент беше прекината само заради тоа што Комисијата за финансии и буџет требаше да заседава за да одговори на основната дилема која ја отвори пратеникот Никола Поповски, а тоа значи дали, до колку го изгласаме овој закон за заем ќе го повредиме или не Уставот на Република Македонија? Беше многу дециден и прецизен. Дали е можно Собранието да донесе закон во кој не е дефинирана каматната стапка. И колегата Макрадули говореше ние пред само неколку дена донесовме сличен Закон за заем на Република Македонија за подобрување на постоечката регионална и патна мрежа, но тука многу уредно е дефинирано која е каматната стапка. Секој што е заинтересиран може точно да пресмета во кој период колку средства ќе бидат зафатени од Буџетот.

Господине Славески имам право на дилема и тогаш ја имав, вие тогаш не дојдовте да дебатирате со нас, го пративте вашиот заменик министер, драго ми е што овој пат се надевам дека ќе одговорите на оваа клучна дилема дали

се обидувате да подметнете овој пат со многу посигурен исход, со оглед на тоа што го контролирате мнозинството во Собранието, закон, согласно кој ќе се согласиме Владата да има одврзани раце каква каматна стапка што ќе договара толку пари да се трошат од Буџетот. Тука лежи главната дилема. Имате право да одмолчите и тогаш истото го говорев, но кога молчите, тогаш е најјасен одговорот. Да, имате намера да протуркате закон кој ќе има сериозна уставна проблематичност во себе.

Првото прашање на кое молам д одговорите е дали е спорна уставноста на овој закон?

Од каде доаѓаат нашите дилеми? Немаме ни трошка дилема дали ви е добра идеата секое средно училиште да има фискултурна сала. Одлична е. Ама имаме голема дилема како ќе го реализирате проектот. Поучени од минатото искуство Владата на Љубчо Георгиевски, да не заборавме, каде министер беше токму Никола Груевски, потроши огромни средства со проектот и го носи идејниот зачетник за изградба на 35 спортски сали од кои во 2003 година откако беа потрошени 390 милиони денари Ревизорскиот центар ДОО Скопје кажа дека од тие пари излегоа само 3 финализирани сали.

Господине Славески не убедувате дека овој проект, овој заем ќе биде 12 милиони и 300 илјади евра, но не е така. ДДВ-то од 18% на вкупниот износ значи дополнителни 2,5 милиони евра, 157 милиони денари.

Не би се согласила да не знаеме колку пари до сега се потрошени, а колку дефакто сали имаме, сали кои се подготвени да го нудат она за што конечно ги градиме и ги трошиме. Огромно фијаско беше прврвиот проект 35 спортски сали на тогашниот министер за финансии Никола Груевски. Јас тогаш читав 2003 година откако беа потрошени 6,5 милиони евра само за 3 сали, Ревизорската куќа ги стандардизирала во 4 категории сали, па нашла дека во 21 сала треба дополнителни 191 милион денари за да се завршат.

Дека единствено освен трите дополнителни 7 милиони за да се привршат салите во Прилеп и Велгожди, значи говорам за 2003. но, пет сали се замо започнати и треба нови 74 милиони денари и пет сали само е искосена тревата на нивната локација и треба нови 49 милиони дарани. Па, да го реализираме господа вашиот проект, вашата добра идеа колку пари ќе бидат потрошени. Знае ли некој, умее ли некој да каже. Или некој може ли да најде колку просечно една сала не кошта, во една нема вода, во една нема прозори, во трета нема електрична енергија. Ние знаеме дека на 12-тата тематска седница уште во 2006 октомври месец Владата на Груевски одлучи да го доврши проектот започнат од Љубчо Георгиевски изапис и објави меѓународен ограничен повик број 2 од 2006. И тука господине Славески лежи моето второ крупно прашање, бидејќи сте министер за финансии. Согласно Законот за извршување буџети кој ви дал право да распишите тендер односно буџетскиот корисник Агенција за млади и спорт на проценета вредност 800 милиони денари, а вредноста на договорот 515 милиони и 600 илјади денари кога во ниеден момент буџетскиот корисник Агенцијата за малади и спорт не располагала со овие средства. Значи ги имам апсолутно и Буџетот за 2007 и двата ребаланса. Во ниеден момент вкупнот Буџет на буџетскиот корисник не надминувал, нели, не се ни приближил ми се чини дека следниот ребаланс бил 300 и нешто милиони денари. Тука лежи дилемата, одговори се надевам дека ќе добиеме не дека нам ни требаа, нам ни требаа за да одлучиме да гласаме и ние кажавме зошто нема повторно да дозволиме да трошите немилице буџетски средства бидејќи имате освен другото исполни приоритети. Па, пред само неколку дена огромното невреме во Прилепско уништи не само родовите на земјоделците, ги уништи и нивните надежи, а замислите само поради недостиг на градобојни гранати. Тоа е приоритет во овој момент, или приоритет е сериозна заштита на падот на стандардот на секој граѓанин на Република Македонија. Тоа треба да биде приоритет. Не може и не смее во овој момент да биде приоритет задолжувањето на Република Македонија за наредните 20 години од кои првите пет ќе бидат грејс период. Тоа е несериозност. Тоа е немање стратегија. Тоа се вика класичен популизам. Не може господине Славески да правите заштита заради големото зголемување на цената на нафта и нафтени производи со тоа што селективно, минимално ќе ги заштитите земјоделците и автопревозниците. Па секој граѓанин знае дека од цената на нафтата и нафтените производи зависи цената буквално на секој производ без оглед дали станува збор за стока или услуга. Стандардот на граѓаните паѓа, тоне, а вие дополнително го оптоварувате Буџетот. Генерации, генерации граѓани на Република Македонија ќе треба да издвојуваат за проекти за кои како Влада на ВМРО-ДПМНЕ сте се избрукале. Буквално сте се избрукале. И ако ги земеме 430 милиони денари досега потрошени со првичните 390 милиони денари, со овие нови 14 милиони и 300 илјади евра, со дополнителни 2, 5 милиони евра на име на данок за додадена вредност, а никој не гарантира, бидејќи станува збор за истите луѓе, Никола Груевски тогаш министер за финансии, сега премиер. И конечно, 12 милиони и 300 илјади денари господине Славески се една третина од буџетските средства што ги потрошивте на медиумски кампањи. Ако се откажевте од само една третина од вашите кампањи немаше потреба Република Македонија да ја задолжуваме за следните 20 години,а ќе имавме спортски сали во голем број на средни училишта. И ќе го поздравевме вашиот проект и ќе имавме сила и доблест да кажеме дека навистина станува збор за добра идеа. Вака со вашето молчење од самиот почеток ставате дамка или пак мислите дека во овој момент вашиот недефиниран статус, ниту сте министер, ниту сте пратеник мислете дека ќе ве амнестира од некои идни

одговорности. Бидејќи без оглед на се доколку Уставниот суд иако според Боцевски, нели од уставните судии постојат и поголеми експерти, претпоставувам во правниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ ќе оценат дека нема проблем со уставноста. Но, многу е сериозно и доблесно доколку имате проблем со уставноста на овој закон да ја понесете доблесно и личната одговорност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам госпоѓо Бендевска, две работи да одговорам.

Прво, Агенција за млади и спорт нема никаква врска со овој проект. Беше кажано и во моето излагање дека овој проект ќе се реализира преку проект на единица во Министерството за образование. Значи Министерството за образование е институција која што е повеќе месеци во соработка или под лупа на Банката за развој при Советот на Европа.

Јас сакам овде да ви укажам, не предупредувам, не се заканувам како што вие тоа го правите да помислите за која институција се работи. Ако сте чуле за Совет за Европа, а можеби сте биле таму во Стразбур, ова е Банка при Советот на Еворпа. Вашата дискусија луѓето од Советот на Европа будно ја следат, ова што го зборувате вие. Вие фрлајќи дамка на намерите на Владата, на министерот за финансии, спомнувајќи кривична одговорност, вие импутирате дека Советот на Еворпа е таква институција како што вие и препишувате на македонската Влада. Тоа го правевте две години и тоа беше во ред, народот ве казни и тоа длабоко, жестоко ве казни за тоа како настапувавте. Ако продолжите понатаму така ќе поминете и во следните 20 години. Значи, Банката при Советот на Европа има транспарентни правила кои што се објавени на нивната веб-страница. Владата на Република Македонија ја ужива довербата на оваа Банка затоа што и четвртиот проект што го побаравме да се финансира покрај казнено поправните институции, ова со спортските сали, социјални станови итн, Банката за развој при Советот на Европа гледа во Република Македонија партнер со кој што може да соработува и затоа ги одобрува овие средства. За тоа зборуваа другите пратеници колку е овој проект значаен за развојот на спортот за младите, образованието итн. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Сега ги добив сите одговори.

Прво, овој закон значи не е усогласен, согласно Законот за јавен долг. Вие господине Славески грубо го прекршувате Законот за извршување на Буџетот упорно криејќи се зад меѓународна финансиска институција. Јасно и конкретно ве прашав, зошто Агенцијата за млади и спорт дозволивте да распише тендер иако согласно законот морате да имате обезбедено средства на буџетска стапка, а тоа го немате и конечно ако денес го изгласаме законот каде сте ги предвиделе во Буџетот на Министерството за образование и наука 2,5 милиони евра со кои треба да го подмирите ДДВ-то на вкупната сума на државата. Буџетот за средното образование на име камата за изградба на училишни и спортски сали сте предвиделе буквално само 6 милиони денари. Одговорете на прашањето од финансиската сфера, не се кријте зад Рамковниот договор за заем, бидејќи е спротивен на одредбите на многу закони во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Пред да го објаснам моето размислување за Предлог за донесувањето по итна постапка законот за задолжувањето на Република Македонија кај Банките за развој при Советот на Европа за проектот за изградба на фискултурни Сали јас ќе се потрудам да елаборирам нешто што хонолошки се случувале во изминатиот период.

Повеќе дискутанти од СДСМ се навраќаат на она што се нарекува започнувањето на фискултурните сали или спортските сали во периодот 1998-2002 година. Точно е дека се започнаа голем број на спортски сали и тој потег беше исто за поздравување. Но, јас пред македонската јавност би сакал да ги запрашам СДСМ, овие пари со кои се започаа овие спортски сали сепак се даночни обврзници на Република Македонија. После 2002 година имаме период до 2006 година во која што имаме тотално мирување или оние сали за кои што зборуваше и госпоѓа Бендевска и кажа дека на пример за Прилеп и за Велгожда се потребни дополнителни средства за дозавршувањето на спортските сали или дека се доволни 191 милион денари како што таа кажа, за некои други пренамени или за завршување на одредени на други спортски сали или дека одредени сали се само фрлени темелите, па дури спомена дека и на некои ливади била само искосена тревата. Можеби да е точно сето тоа, јас не го порекнувам, но ќе кажам дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ во периодот 1998-2002 година сепак размислуваше за младината, сепак размислуваше она што е здравниот начин на живеење.

Ќе напомнам дека во овој временски период од 2002 до 2006 година кога на власт беше СДСМ се заборавија сите овие проекти. Дали сетоа ова не кошта премногу скапо, јас би ве запрашал, значи СДСМ да одговори пред македонската јавност, дали парите на даночните обврзници кои што беа започнати овие спортски сали не требаа да бидат вложени и да бидат завршени до крајот на мандатот на СДСМ до 2006 година или само поради лични или да кажеме егоистични причини

од страна на нивните лидери овие спортски сали беа оставени на работ на времето. Точно е сега дека ќе треба дополнителни средства да овие сали се стават во функција. Но, ВМРО-ДПМНЕ ќе ги најде тие средства преку вакви заеми или преку она што се нарекува парите од даночните обврзници и ќе успееме да ги завршиме овие сали.

Но, дами и господо од СДСМ, овој ревизорски извештај кој што денеска го слушнавме, го читавме мислам дека требаше да биде прочитан во периодот од 2002 година за да знаете колку средства, колку пари ви се потребни за да бидат доврешени овие проекти затоа што сепак, ќе кажам, овие проекти ги плаќа народот. Вие оставивте на работ на времето овие проекти да бидат тотално уништени и запоставени. Сега во овој верменски период се потребни многу повеќе средства за да се дозавршат овие проекти, овие спортски сали туку во периодот од 2002 година кога беа потребни да СДСМ, реков само лично од некои егоистични причине на лидерите на СДСМ затоа што овие проекти ги започна ВМРО-ДПМНЕ не ги продолжија понатаму. Јас ве уверувам дека она што СДСМ го започна во периодот 2002-2006 година ВМРО ќе го продолжи понатаму да го гради затоа што сепак се на некој начин фрлени некои средства од страна на државата и помалку ќе кошта доколку се завршат тие проекти отколку да ги оставиме на работ на времето.

Ќе се вратам на законот и ќе кажам дека изградбата на фискултурните сали во образованието и тоа како е за поздравување. Ќе напомнам дека во тие 30 спортски сали кои треба да се градат во средното образование треба да му се даде максимална подршка без разлика дали доаѓаме од опозицијата или од позицијата. Но во исто време ќе кажам дека или ќе тргнам од она што се фактите во кои што и вие СДСМ најповеќе ги употребувавте, а тоа беше во времето на социјализмот, па и ден денска викаме дека “ Во здраво тело здрав дух” или “Иднината е во младината”. Тие беа оние пароли кои што најчесто ги користевме.

Јас ќе напомнам дека, бидејќи доаѓам од оваа бранша, ќе напомнам дека состојбите во салите во Република Македонија особено во училишните сали се руинирани во нив, дами и господо, кога вие самите би прошетале како пратеници ќе видите дека вашите деца никогаш не би допуштиле да работат, да вежбат или да спортуваат во тие сали, затоа што тие сали не се здрав начин на живеење, туку е чиста болест. Затоа што имаме тотално руинирани сали во основното и средното образование.

Тргнувајќи од фактот дека со она што се, значи сегашните услови на работа во средното и основното образование повеќе од половината, некаде се шпекулира дури дека и до 70% од учениците кои што се редовни ученици во основното и средното образование има појава на одредени деформитети. Голем е бројот на учениците кои што имаат искривување на рбетниот столб, деформитетите на рбетниот столб и јас ќе напомнам, дами и господа, дека само едно такво отстранување на еден пациент на една сколиоза чини 7.460 евра. Рековме дека имаме некаде околу 70% од младината која што има одредени деформитети, тоа не значи дека се само деформитети на рбетниот столб, може да биде на градниот кош, може да биде и на екстремитетите. Но, јас ќе напомнам дека очигледна е загриженоста на СДСМ за да во овој временски период ја искористи како маркетинг и укаже на тоа дека еве сега се редат лавчиња на одредени спортски сали и дека тоа се симболите на ВМРО-ДПМНЕ. Јас ќе ве потсетам само дека на салата на Демир Хисар, точно е дека стои лавче, но не пишува ВМРО-ДПМНЕ, немојте пред време да се откажувате од она што е наш симбол од она што се земските симболи на Република Македонија. Немојте да се откажувате од нешто што било, што го користиле нашите предци. На ниедна спортска сала, ве уверувам дека не постои лавот и дека не пишува ВМРО-ДПМНЕ, туку можеби постои само земскиот симбол кој што е лав и на кој сите ние сме горди. Но, очигледно е и тоа дека и на претходниот дискутант, господинот Макрадули само во времето на она што се нарекува предизборна кампања можеме да зборуваме и ветуваме, но во овие изборни кампањи, да ве замолам во друг случај да седнете со оној што се просветните работници, да направите една трибина со оние кои што се браншата, да речеме се професори на физичкото и здрастеното воспитување, да ги прашате за нивните тешкотии кои што се појавуваат во самиот образовен процес, да ги посетите и некогаш спортските сали, да увидите во кои услови работат учениците. Дали сте прошетале и виделе дека некои ученици се соблекуваат на улица, дека нивните алишта ги редат на оградите, дека немаат пристојни соблекувални, дали сте се запрашале дека внатре немаме никакви услови за работа, дали сте се запрашале дека на овој начин не добиваме здрава младина и дека не се грижиме за младината. Точно е дека овие средства може да бидат искористени поинаку, но јас ве убедувам дека доколку ги искористиме малку поинаку во иднина, значи во годините кои доаѓаат многу повеќе ќе не кошта, затоа што здравето на децата, здравјето на младината е многу побитна од се друго во Република Македонија затоа што ако немаме здрава нација, ако немаме здрава младина јас ве уверувам дека работоспособноста на населението ќе опадне. На овој начин со инвестирање на изградбата на овие спортски сали ние даваме можност за подобрување на психофизичките способности на поединците, ние даваме можност за поголема работоспособност на поединците. Само на ваков начин ќе можеме да исцрпиме или да извлечеме максимално она што се нарекува психофизички развој кај поединецот и да ги искористиме за понатамошен развој на државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал да му реплицирам на колегата Грозданов Цветко за неколку работи.

Прво во почетокот на своето излагање се осврна на претходниот период кога владееше ВМРО-ДПМНЕ 1998-2002 година и кажа дека тогашната Влада започнала неколку вакви проекти. Дел од нив изградба на фискултурни сали, но СДСМ потоа немал сила да ги продолжи. Би сакал да го потсетам господинот Грозданов Цветко дека тие пари со кои ВМРО-ДПМНЕ ги почна тогашните сали беа пари од продажбата на Македонскиот телеком и со тие пари ако сте почнале одредена фискултурна сала проектот требало да заврши односно да има заокружена финансиска конструкција. И сега прашањето господине Цветко Грозданов што треба да си го поставите е каде се парите од започнатите, а не завршените сали. Значи, ако сте распишале тендер и требало да има обезбедено пари, заокружена финансиска конструкција, а гледаме колку сали се започнати, а стојат како споменици незавршени.

Прашањето што треба да си го поставите е каде се парите од салите што вие ги започнавте, а не да ја префрлате вината на наредната Влада што дошла. Значи пари имало, меѓутоа парите се ненаменски употребени.

Парите од Телекомот, посебно прашање е каде заминаа. 350 милиони евра тогашни пари, што можеа многу да придонесат на Република Македонија не да се развие, туку сега да биде пред сите соседи околу нас.

Затоа, шпекулациите дека друг е виновен ви се грешни. Сега видовме од продажбата на Телеком колку газдите оствариле. Над 2 милијарди евра имаат приход.

Втора работа, сами себе се демантиравте кога зборувате за проектот за фискултурни сали, наводно да сме влегле во некоја фискултурна сала да ги видиме условите.

Оваа не е за реконструкција за спортски фискултурни сали. Ова е за изградба на нови сали. Ако имате друга замисла, тогаш поднесете амандман. Спорете со министерот и со Владата дека парите треба да се употребат за реконструкција на постојните фискултурни сали. Тука можеме да се сложиме. Имаме многу спортски сали што не функционираат. Нема дволно опрема, можеби подот не е соодветен, нема осветлување итн. и младите не можат да остварат квалитетно физичко образование. Тоа да.

Меѓутоа да се задолжи Република Македонија за изградба на нови сали, во услови кога има постојни што не функционираат е навистина проблематично и тука може да спориме. Нашиот став е дека има други приоритети. Владата ако сака, може да најде пари во Буџетот, бидејќи се фали дека има многу пари да изгради спортски сали онаму каде навистина има потреба. Тука е проблемот меѓу нас.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господин Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Очигледна е конфузијата во редовите на СДС.

Ќе се обидам да одговорам на ова прашање. Господине Марјанчо, парите се кај Панде Лазаров, парите се кај Борче Петревски и парите се во изгубеното здравство кај Владо Димов, кој е во егзил. Таму се парите. Затоа што вие, оние средства, секој проект не може да биде завршен во времето во кое што ВМРО ДПМНЕ владееше.

И овој период, можеби ние ќе оствариме некои проекти понатаму што нема да бидат довршени, треба вие да ги довршите. Но, очигледна е паниката, затоа што, ќе заборавев да спомнам, на насловната страна на “Дневник” пишува ““Ганс енд лајонс” го враќа Црвенковски меѓу розите?”. Тоа е поентата, дали оваа коалиција и ова двотретинско мнозинство ќе успее и вашата книшка број 2 ќе оди во историјата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За процедурално се јави Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван пратеседателе,

Мојата процедурална забелешка е до вас. Ве молам да интервенирате кога пратеникот, согласно Деловникот не се држи до дигнитетот на Собранието.

Апсолутно непотребно е спомнување на имиња на луѓе кои не се тука, за кои нити знаеме ниту можеме да кажеме нешто, ниту да ги обвиниме.

Ако пратеникот Цветко Грозданов е професор по физичко, нека си остане професор по физичко. Не е јавен обвинител да ги етикетира луѓето.

СДС не е виновен зошто ВМРО-ДПМНЕ направи коалиција со ДУИ, што 4 години ги нарекуваа терористи. Ние не сме виновни. Но затоа ќе треба вие тоа да му го објасните.

Но, вас ве молам, имиња кои не се пратеници да не се спомнуваат, да не се злоупотребуваат. Не е ниту јавен обинител , ниту судија на основен суд.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Делумно ја прифаќам процедуралната забелешка ваша, со тоа што од сега треба да се применува во однос на сите пратеници.

Би ги замолил пратениците, сите комплетно, кога ќе се зборува, да не се зборува за лица кои не се баш конкретно поврзани со одредена точка на дневен ред и кои не се присутни во салата.

Значи во однос на тоа треба да се применува приговорот од страна на сите пратеници и да се води сметка сепак за дигнитетот на Собранието на Република Македонија и за пратеничката функција.

Процедурално побара збор господин Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас мала забелешка, затоа што господинот Макрадули не кажа по кој член е процедурата, но и јас и нема да кажам и ќе кажам вака.

Јас ве прашав каде се парите и бев предизвикан да одговорам каде се парите. Јас спомнав каде се парите и таму се парите затоа штоЈавниот обинител и судството кажуваат каде се парите, не јас. Она што е, она што го кажав околу господинот Бранко Црвенковски тое е на насловна страна од “Дневник”, мислам нема лутење.Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Процедурално господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе продолжуваме исто.

Значи ако вие не го прекинете него јас ќе кажам дека Али Ахмети влегува во Владата со Никола Груевски, тоа е на насловна страна во весник...

**Трајко Вељаноски:** Добро, еве 10 минути пауза до 13, часот, благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,01 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

За збор се јави господин Лазаров Јован, повелете.

**Јован Лазаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе го поддржам донесувањето на овој проект, овој закон за задолжување, бидејќи мислам дека е еден од подобрите проекти на оваа Влада, проекти кои што ги има голем број. Јас ќе дадам неколку објаснувања, кои беа и предмет на дискусија овде.

Прво, во Проектот се вклучени сите средни училишта кои немаат фискултурни сали. Значи, нема селекција кои училишта ќе добијат, кои нема да добијат, туку добиваат сите средни училишта, сали кои што немаат во моментов спортски сали. Тоа се од 93 средни државни училишта, 60 училишта имаат спортски сали, во три училишта Агенцијата за млади и спорт ќе гради спортски сали, остануваат 30 училишта средни, државни кои што немаат спортски сали и за нив е овој кредит. Меѓутоа, ова е само дел од Проектот спортски сали кој всушност заедно со салите во основното училиште изнесува 145 спортски сали кои што ќе ги гради Министерството за образование и наука односно Владата на Република Македонија и 35 спортски сали кои што ги гради Агенцијата за млади и спорт. Од овие 180 спортски сали, 150 спортски сали ќе се градат од Буџетот, со средства од Буџетот на Република Македонија, додека само овие 30 спортски сали ќе бидат со кредит. Овде сакам да кажам дека во Проектот не е вклучено само изградбата на спортските сали, туку целосното опремување на спортската сала со целокупната потребна спортска опрема за изведување на настава по предметот Спорт и спортски активности во средните училишта. Меѓутоа, со овој Проект се опфатени сите постојни спортски сали во Република Македонија кои немаат соодветна спортска опрема. Значи, Проектот предвидува градба на 30 нови спортски сали целосно изградени и опремени и опрема на другите спортски сали во средните училишта. Во Проектот се предвидени два типа на спортски сали. Една е од 600 $м^2$, а другиот тип е од 1200 $м^2$. Кој тип на спортска сала во кое училиште ќе се гради, зависи исклучиво од бројот на учениците во тоа училиште. Големите спортски сали се така проектирани што во нив е предвидено изградба на трибини до 500 седишта кои што ќе бидат наменети, се разбира покрај одржувањето на часовите по физичко воспитување и спорт и спортски активности во местата во кои што се изградени спортските сали.

Сега, би било добро да се чујат кои се тие градови и места во кои што ќе се градат спортските сали. Тие не се многу, тоа се 17 општини во Република Македонија, јас ќе ги кажам заради јавноста. Во Битола ќе се градат спортски сали во три училишта, едно училиште во Богданци, едно училиште во Валандово, во Гостивар во едно училиште, во Делчево едно училиште, Кавадарци едно училиште, Долнени едно училиште и една спортска сала, во Куманово три спортски сали за три училишта, во Неготино една спортска сала, во Охрид две спортски сали за две училишта, во Прилеп три спортски сали за три училишта, во Пробиштип една спортска сала, Ресен една спортска сала, Свети Николе една спортска сала, Скопје три спортски сали за три училишта, Струга една спортска сала и најмногу во Тетово пет спортски сали за пет училиша, што значи најмногу сали недостасувале во Тетово, што вкупно изнесува 30 спортски сали.

Јас овој Проект го поддржувам од дискусиите кои што беа овде кажани дека најдобра инвестиција е инвестицијата во образованието, она што дава резултати на среден и на долг рок. Образованието, покрај земјоделството се двата главни приоритети на оваа Влада. Само да потсетам дека најпрво го покачивме издвојувањето од бруто националниот доход од 3,2% веќе сега е на 5,9% што се создадоа материјални услови во Буџетот, отворање на нови школи, нови училишта, нови универзитети, нови факултети итн, се разбира, се создадоа и услови за изградба на спортски сали. Сакам да кажам дека овде не запира Проектот на Владата, тој ќе продолжи, бидејќи во основните училишта ќе се градат 115 спортски сали, но кај средните училишта проблемот е малку посложен, затоа што имаме во една општина едно централно училиште и 5, 6, десетина училишта дисперзирани по населените места. Идеја или Проект на Владата е секое населено место да добие спортска сала, се разбира не спортска сала од овој тип со оваа цена, туку ќе се оди на други варијанти, поевтини спортски сали од типот на балони или некој друг тип на конструкција, така што секое населено место во наредните 4 до 5 години ќе добие спортска сала. Не завршува овде Проектот, бидејќи во фаза и во тек е Проектот или тендерот за реконструкција и изградба на сите санитарни чворови во сите училишта во Република Македонија. Најболната страна на сите наши

училишта како што знаеме се санитарните јазли, а има училишта каде што имаат санитарни јазли само се во многу лоша состојба и има училишта кои воопшто немаат санитарни јазли. Јас за време на изборите бев во селото Пирок, на пример, таму сеуште санитарниот јазол е надвор во дворот што е недозволено сега ние во 2008 година да имаме училишта, а ги има доста, како тоа училиште, каде што нема санитарни јазли.

Понатаму, Проектот кој што исто тече Компјутер за секое дете сега е во фаза и набавка на нови клупи и столчиња, 100 илјади клупи и столчиња за учениците во Република Македонија.

Сакам да кажам, бидејќи бев заменик министер за образование, кога дојдов на оваа позиција, ние наследивме долг од преку 200 милиони денари, 204, можеби има и уште повеќе кои долгови сеуште не се расчистени или околу 3,3 милиони евра што ги имаше образованието, долгови кои што ги имаа учениците, долгови кои што ги имаа општините, така што ние тие долгови ги расчистивме до крај за овие 20-на месеци колку што бевме на власт, мислам на оваа Влада. Уште неколку овде, би рекол, одговори кои што беа спомнати, прво, беше спомнато Шуто Оризари училиштето, тоа училиште се гради, ќе се гради, ќе се распише тендер веднаш штом ќе се избере нова влада, бидејќи во овој период не можеме да распишуваме тендери ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, за фискултурните сали ако може да зборувате.

**Јован Лазаров:** Ако дозволите уште тоа да го кажам само една реченица во врска со уписот ќе се запишат сите деца, бидејќи има распишано конкурс за 32 илјади места, а вкупно имаме 27 илјади деца, што значи пет илјади места се повеќе отколку што се ученици. Но, проблемот е друг, сите деца сакаат да се запишат во две до три типски училишта, економско, гимназија и медицинско. Меѓутоа, има места и сите деца ќе бидат запишани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Мојата реплика се однесува во однос на последниот коментар, иако можам да реплицирам на многу работи, пред се, на лажниот и корумпирам Проект, “Компјутер за секое дете”, но тоа сега не сакам да го правам во оваа реплика.

Пратеникот Јован Лазаров истакна дека средното училиште во Шуто Оризари се гради, ќе се гради, а тендерот ќе биде распишан со изборот на нова влада. Тоа значи ако нема тендер а се гради станува збор за сериозна корупција.

Второ, јас бев овде во салата кога на пратеничко прашање на господинот Неждет Мустафа премиерот Груевски вети дека средното училиште ќе го отвори тој на 8 септември кога е 8 април Светскиот ден на Ромите 2007 година. Јас за тоа зборував, а дали ќе се гради, се гради на непостоечки тендер, тоа најдобро знае Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Лазаров Јован, повелете.

**Јован Лазаров:** Јас се извинувам ако направив лапсус, веројатно направив лапсус со желба да бидам пократок, да не ја должам дискусијата, меѓутоа треба да се внимава од говорница.

Мислев и кажав дека училиштетот ќе се гради и тендерот ќе се распише, што значи не е почната градбата, ќе се оди по строга законска процедура. Малку се развлече затоа што имаше долга процедура околу Проектот, дозволи итн. И, за информација австриска агенција за обнова и развој ќе учествува со 800 илјади евра како дел од овој проект кој ќе чини два милиони евра. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За процедурално се јави господин Бајрам Амди.

**Амди Бајрам:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Прво, да ви го честитам изборот на сите и работата овде. Би сакал околу школото за средно образование во Шуто Оризари, не би сакал сега околу тоа многу да навлегуваме, туку сакам да дадам едно објаснување. Договорени сме, школото почнува, ќе се гради, ќе се прави, се е во ред. Значи, ромската јавност да знае, сите да знаат и Република Македонија да знае, сите пратеници да знаат, го следиме тоа, тоа ќе биде, тоа е се договорено и од септември почнува да се гради. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер за финансии, почитувани колешки и колеги пратеници,

Јас денес нема да говорам за потребата за изградба на фискултурни сали во основните и средните училишта во Република Македонија затоа што СДСМ и пратеничката група на СДСМ секогаш ќе го поддржува развојот на образованието, посебно спортското образование, кое дефинитивно влијае на правилниот развој на младите во државата. За ова или за ваков развој во образовниот систем во Република Македонија никој од пратеничката група на СДСМ нема дилема. Оттука, нема или не сакам да се обидувам да анализиарам зошто Владата сега се одлучи на ваков екстремно скап проект, кој дефинитивно нема да отвори нови работни места, нема да ја подобри економската состојба на граѓаните, нема да ги реши тековните проблеми ниту на основните, ниту на средните училишта, како на пример дотраените електрични инсталации, недостатокот на нафта за греење во зимскиот период, превозот на учениците до училиштата во руралните средини и еден куп други проблеми со кои се соочува образовниот систем во Република Македонија. Нема

истовремено да говорам за исправноста на одлуката на Владата повторно кредитно да се задолжува, односно ги задолжува граѓаните преку закон кој што треба да го донесе денес Собранието, земајќи предвид дека ваквата одлука во целост е во контрадикторност со минатите потези на Владата, посебно брзањето Република Македонија да се раздолжи према Парискиот клуб на доверители.

Но, денес сакам да говорам за процедурата и постапките на Владата кои претходеа на денешната седница, за кои верувам дека Министерот за финансии Трајко Славески во интерс на преродбата ќе не удостои со соодветен одговор. А, искрено се надевам дека во тоа ќе не поддржи и владеачкото мнозинство, посебно претседателот на овој законодавен дом, кој пред неговиот избор вети дека Собранието нема само да биде сервис на Владата. Ајде малку да говориме со факти.

Владата одлуката за кредитно задолжување на граѓаните со 12,5 милиони евра за изградба на фискултурните сали ја донела на 2 јануари 2008 година. Истиот закон во идентична форма за кредитно задолжување на граѓаните, исто така со 12,5 милиони евра, како што е денес пред нас, се најде пред пратениците од претходниот состав на 27 февруари 2008 година. Дел од пратениците на СДСМ, почитуваниот Никола Поповски тогаш побараа одговори од Министерството за финансии, тогаш претставено од заменик министерот за финансии дали законот во ваква форма е во согласност со законот за јавен долг, дали кореспондира со него и со другите позитивни законски прописи кои се во сила, посебно во делот кој што го третира утврдувањето на каматните стапки за овој кредит при Банката на Советот за Европа. Очигледно, заради сериозни дилеми, за дел од неговите одредби овој закон тогаш не беше донесен. Но, што правеше Владата меѓувреме.

Министерството за образование и наука на 29 јануари 2008 година 27 дена послед Одлуката на Владата за кредитно задолжување и внимавајте еден месец пред овој закон по Предлог на Владата да се најде прв пат пред пратениците објави јавен повик за изградба и опремување на 145 фискултурни сали, кој беше објавен и во “Службен весник на РМ” истиот датум. На страна што не е јасно од кои ставки од својот буџет средства за овој тендер обезбедило Министерството за образование и наука, веројатно за тоа и беше лапсусот на почитуваниот поранешен заменик министер за образование Јован Лазаров, затоа што Собранието не донело одлука за кредитно задолжување со неколку милијарди денари за изградба на 145 фискултурни сали. Веројатно, Владата тогаш очекувала или пак била сигурна дека претходниот состав на Собраниеот после еден месец ќе го усвои законот за кредитно задолжување на граѓаните со 12,5 милиони евра и со тоа ќе го покријат очигледното кршење на законите. Но, иако на собраниската седница на 27 февруари 2008 година не помина законот за кредитно задолжување, кој е на дневен ред на денешната седница, Владата без око да и трепне си продолжи со реализацијата на тендерот. Ајде да видиме што се случило сега со тендерот. На овој тендер за опремување и изградба на 145 фискултурни сали се пријавиле вкупно пет компании, од кои две македонски, една од Австрија, една од Хрватска и една од Грција. На 19 април 2008 година тендерската комисија при Министерството за образование и наука ги разгледала сите понуди и донела одлука, внимавајте, бизнисот со изградба и опремување на 145 фискултурни сали, тежок неколку милијарди денари да го додели на грчката фирма Домотехники СА - Солун. И, тоа не ќе беше спорно, искрено верувајќи во принципот дека Владата не е и не смее да се однесува дискриминаторски ако не постоеше фактот дека понудата на една од македонските фирми кои конкурирале на овој тендер не била за 11 милиони денари поевтина од понудата на грчката фирма Домотехники СА - Солун. Дополнително што Владата се одлучила овој огромен бизнис да и го додели на грчката фирма Домотехники СА - Солун само две недели по грчкото вето за Македонија на априлскиот НАТО Самит во Букурешт. Сега, тука нема да ја коментирам дискусијата на почитуваниот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго кој говореше за тоа колку македонските компании треба да работат на вакви бизниси за изградба на инфраструктура во Република Македонија, како што нема да се впуштам во коментар за сите наводни патриотски потези на Владата, како и последниот со патриотските фискални каси на македонските бизнисмени.

**Трајко Вељаноски:** Би ве замолил ...

**Емилијан Станковиќ:** Не се нервирајте претседателе, ќе се држам на темата.

**Трајко Вељаноски:** Не се нервирам, само би ве замолил додека јас зборував, не треба да зборувате и вие, туку би ве замолил конкретно по текстот на Предлогот на законот да зборувате, за да може да се произнесат и пратениците и целокупната јавност. Вие во овие минути додека разговаравте цело време, и самите укажавте дека не разговаравте по текстот на законот. Затоа, би ве замолил да продолжите по самиот текст на законот.

**Емилијан Станковиќ:** Прифаќам претседателе, ќе продолжам да зборувам по темата. Се извинувам.

Ваквиот развој на настаните и исходот на тендерот за изградба и опремување на 145 фискултурни сали, СДСМ го објави на прес конференција на 25 април 2008 година. Тогаш, прво, Владата се фемкаше неколку дена, за под притисок на јавноста, владиниот портпарол да изјави дека Владината второстепена комисија за јавни набавки, наводно го поништува решението за избор на најповолен понудувач на Министерството за образование, со оправдување

дека Владата немала поим за тендерот, не барем министерот за образование и наука беше министер во некоја друга Влада, а не во Владата на Никола Груевски, кој патем одржува отворени седници на кои ги прашува своите министри за роковите. Земајќи ги предвид сите овие факти, бидејќи граѓаните еднаш во периодот 1998-2002 година имаа лошо искуство со изградба на 35 спортски сали, што тогаш беше предизборен проект на тогашната Влада на Љубчо Герогеивски, кои не чинеа околлу 430 милиони денари, што тогашниот министер за финансии, Никола Груевски ги обезбеди од продажбата на телекомот, а отидоа во ветер, сметам дека пред владеачкото мнозинство да пристапи кон гласање на денешниот закон за кредитно задолжување на граѓаните со 12,5 милиони евра кој генерации м лади луѓе ќе треба да го враќаат, во иднина министерот за финансии Трајко Славески, треба да ни одговори и нам и на граѓаните, како е возможно било кое министерство или друг државен орган во Република Македонија да распише тендер со вредност од неколку милијарди денари без претходно да обезбеди средства за неговата реализација. Како е можно Министерството за финансии да даде согласност за распишување на тендерот без да бидат обезбедени сите средства за неговата реализација.

Ако земеме предви дека на чело на Министерството за образование, во идната Влада на ВМРО ДПМНЕ и ДУИ овој ресор дефинитивно ќе го води некој друг министер кој може нема да биде подготвен за легализација на досегашниот тек на тендерската постапка, се поставува прашањето кој ќе одговара за тоа што некој претходно спровел тендерска постапка, очигледно спротивно на законските прописи, дополнително со основани сомневања за сериозни злоупотреби, за кои претходно говорев. Овие одговори граѓаните мора да ги добијат, не само заради тоа што од своите џебови ќе ги враќаат овие 12,5 милиони евра, туку и заради тоа што после се што претходеше на донесувањето на овој закон за кредитно задолжување, треба да бидат убедени дека неговото изгласување нема да значи и покривање на некои претходни незаконски дејствија на Владата. Впрочем, почитувани пратеници на ВМРО ДПМНЕ, овој предизвик е и за вас затоа што ќе покажете дека без разлика на вашето владеачко мнозинство од 63, се извинувам, после коалицијата со ДУИ 81 пратеник, вашата Влада ќе знае да ги почитува законите во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам во дел од дискусијата да не се повторам со претходните дискутанти од проста причина што многу работи беа кажани, многу прашања беа поставени, а одговорите не се даваат.

На почетокот би сакал да антиципирам на сите колеги од ВМРО ДПМНЕ кои ќе побараат од пратениците на СДСМ, наводно да не се занимаваат со популизам, бидејќи и во изминатите дискусии и дебати во претходните денови слушнав таква теза, да им кажам дека дури и да сака СДСМ да се занимава со популизам во оваа ситуација тоа не може да го прави од проста причина што изборите се зад нас, а не пред нас. Тоа го велам, затоа што сите аргументи и позиции кои пратениците на СДСМ ги искажуваат по повод овие закони се во корист или се водени единствено во корист и интерес на граѓаните на Република Македонија. Зошто би им требало сега популизам, за да победиме на избори што ги нема? Не. Бидејќи изборите се за нас, ние на изборите изгубивме, немаме ниту една причина да се занимаваме или да водиме популизам сега на месец дена по изборите, а на три години и 11 месеци, евентуално, пред следните парламентарни избори. Тоа е првата работа. И тоа, ќе се однсува за сите наши настапи во следниот период.

Втората работа е што станува збор за предлог на закони од Влада во оставка, или техничка Влада, или Влада која нема сеуште политички изгласан во Собранието мандат, за да ги предлага овие закони. Тоа го велам бидејќи се сомневам дека во добар дел од овие 79 закони кои сега се сака да се избрзаат, некако на мусклули и на брзо во ова Собрание. Мислам дека СДСМ има скепса дали ќе добие поддршка од ДУИ во новата Влада и сакаат веројатно наврат на нос, без евентуални проблеми со ДУИ во следниот период да ги донесат набрзина овие закони. Еве конкретен примере е и овој закон. ДУИ во тоа време беше против, како опозиција. Дали ќе биде за, од позиција на Власт, јас не знам, но можеби ДУИ ако остане до крај доследна ќе го застапува истиот став како преетходно и на Влада ќе биде против, преку нивниот министер за образование, се извинувам, или заменик министер за образование, да биде против овој закон и ВМРО ДПМНЕ да има проблем повторно да го предложи во Собранието. Тоа го велам од принципиелна причина, бидејќи од овие 79 закони не знаеме дали навистина тие ќе ја имаат поддршката и од идната Влада од која ќе се бара спроведува на одговорноста што ја презема на изминатите избори.

Третата работа е што конкретно овој закон помалку ми наликува и во формата и во процедурата, на донесувањето на оној закон за продажбата на акциите на Хеленик петролеум.

Го видов господинот Павле Трајанов пријавен, сега се откажа, мислев од него да побарам информација дали на него му наликува малку од проста причина што носиме закон за задолжување во кој не е истакнат конкретниот износ на каматната стапка. Минисерот за финансии освен тоа што продолжува во неговиот арогантен стил, во ред, можеби тоа го сакаат неговите гласасчи граѓани, не спорам околу тоа, можеби сакаат и тој да биде арогантен, во ниту

еден момент не спомнав, дури ни ориентационо колкава ќе биде таа каматна стапка. Знаете ли министре колку изнесува еурибор, денес. Дајте ми предлог, проценка. Ако го донесеме денес законот и ја повлечете првата транша, не знам, за два месеци, колку каматна стапка за таа транша Македонија ќе треба да плати. Побарајте од вашите колеги што седат до вас, интернет има во салата, нека проферат на Ројтерс, на веб сајтот, да видите колку изнесува каматната стапка. Јас ќе чекам одговор од вас, па можеби ќе спорам понатаму за тој дел и во понатамошниот тек на дискусијата.

Се на се, пред воопшто да почнеме да разговараме за овој закон за задолжување, мораме да ги имаме овие работи во предвид: Прво, дека во овој момент СДСМ ниту сака ниту може ниту има потреба да се занимава со популизам. Не ја гледам причината, партијата што добива 63 пратеници, да се занимава со популизам и со лажење.

Втората работа е што опортуно е, во политичка смисла, да почекате да видите дали новата владина коалиција го застапува овој закон, бидејќи не видов и не слушнав став од ДУИ, барем до сега, до овој момент на расправа. Третата работа е, она што претходно го говореа колегите, ваквото донесување само по себе како процедура е проблематично, бидејќи ние немаме доволен подток, информации, покрај номиналниот износ на кредитот од 12,5 милиони евра, колку тоа на крајот ќе ги чини граѓаните. Во економска смисла каматната стапка ќе варира, еурибор во последните два-три месеци расте, што ако продолжи овој степен на зголемена потрошувачка и во Европска унија, можеби ќе се зголемува и оваа каматна стапка. Тоа ќе го постаки кредитот, бидејќи ние не знаеме освен дека крајниот рок ќе биде, мислам 2010 година, колкав ќе биде трошокот на повлекувањето на траншите од овој кредит, во да речеме 2009 година. Во таа смисла, ако веќе разговараме за закон за задолжување што е од финансиска сфера, не смееме да ги мешаме работите и поимите и ако сакаме да бидеме до крај искрени, треба да се прашаме дали на Македонија и треба подобро физичко воспитување, одговорот е да. За тоа нема никој дилеми. Но, на прашањето дали на Македонија и треба ваков начин на подобрување на физичкото воспитување, јас би рекол не, бидејќи да се задолжите 12,5 милиони евра од надвор за да изградите 30 фискултурни сали нови, не мислам дека е добриот пристап во решавањето на овој проблем.

Да го потсетам министерот за финансии дека пред година ипол ја убедуваше Македонската јавност дека е добро што Владата на ВМРО ДПМНЕ донела одлука за предвремено враќање на постоечките долгови. Јас за тоа имав поделено мислење, немам негативно, однапред ќе кажам, но немам ни исклучително позитивно мислење. Барем да беше доблесен министерот, да излезе и да каже Македонија за овие две години врати толку и току милиони евра или долари спрема Парискиот, Лондонскиот клуб и спрема други доверители, на тој начин имаме добивка од толку и толку средства и тоа ни овозможува, заради таквата евентуална добивка, да се задолжиме дополнително. Вака, мислам дека концептот кој наводно го фаворизираше претходната Влада на ВМРО ДПМНЕ, или бил лажен, бидејќи тие велеа враќаме долгови, а сега се задолжуваме, или не вродил со плод, па сега Владата на ВМРО ДПМНЕ се враќа на стариот концепт кој, да ве потсетам, успешно функционираше до 2002 година, на екстремно задолжување како надворешно, така надворешно, преку долгови. Заради тоа, дали постои, според мене, политичка оправданост да се задолжиме заради изготвување на нови 30 фискултурни сали, велам не. Кога на тоа ќе се надоврзе и минатото, бидејќи кога анализирате некој предлог во недостиг на економски параметри, премногу квантитативни, ги барате минатите искуства на истите или слични луѓе во истата Влада. Неминовно морам да се потсетам на 30-те или 35-те, веќе не се сеќавам фамозни спортски сали од тоа време на Владата на Љубчо Георгиевски и Никола Греувски, тогаш минситер за економија. Тогаш министер за развој беше, па после не беше во владата истиот сегашен министер за финансии господинот Славески.

Концептот на тие сали не вроди со плод, освен финансиски злоупотреби и богатење на добар дел на луѓе. Дали тоа беше судски процесирано? Не, за жал. Затоа и меѓу другото СДСМ изгуби во 2006 година. Јас со тоа морам да се помирам и да не бидам задоволен, бидејќи добар дел на луѓе кои во тоа време профитираа не завршија во затвор. Но, ако тој концепт завршил така, имам основано сомневање дека и овој концепт ќе заврши така.

Да ве потсетам, тука имаме еден бивш дирктор на истата таа Агенција. Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и Владата, две години бомбардираат со пауар поинт презентации кои сите се во насока на тн., одобрување на физичкото воспитување на граѓаните. Зборуваа за олимписки базени. Освен на пауар поинт презентација и прес конференции, јас базените до сега не ги водов. Зборуваа за игралишта 125 фудбалски, ниту едно нема до сега, тениски игралишта, ги нема. Вака можам да зборувам и да кажувам уште многу примери за жал, кои само се кажаа на прес конфернециија, ама не се реализираа. Исто ќе биде, за жал, и со овие фискултурни сали, освен со тоа што ќе се задолжиме 12,5 милиони евра, не знаеме колку камата ќе враќаме, по моја процена од прилика таа ќе биде 7,5% на крај и ако добијам одговор од министерот можеби и ќе спорам околу висината, но ако тој молчи зошто пак јас да му кажувам како ќе ја јпресметува каматната стапка, што на крај ќе значи од прилика уште еден милион евра, во груба смисла на зборот, пресметано по основ на камата и плус 2,5 милиони евра од буџетот, ќе дојдеме до некоја процена дека сите граѓани во Република Македонија овој концепт на 30

фискултурни сали, сите граѓани, од еден месец бебиња до 100 и неколку години, наши жители, ќе ги чини 500 денари по човек. Некој ќе рече што се 500 денари, ама некои луѓе живеат со 500 денари месечно. Во таа смисла и минатото искуство на ВМРО ДПМНЕ со овие концепти, покажува дека тие се добра реклама за нешто што нема да се случи, па одат чекор понапред дека тоа е добар начин и метод за перење на пари и на крај, сега во оваа смисла, добар начин и за задолжување на државата и враќање на парите од идните генерации. На пример ќе дојде идна влада, можеби во 2012 година, можеби и порано и ќе рече државата се задолжила, морам да ги враќам тие средства. Единствено што ќе може таа Влада да направи е да рече ќе се обидам да ја проверам исправноста формална, на тоа задолжување и да гонам некои од тие за кои имаме основано сомневање дека сториле криминал, тогаш минситерот за финансии, или не знам што ќе биде тогаш, ќе рече, исто како што рече Љубчо Георгиевски и Никола Груевски за ОКТА, па тоа Собранието го изгласа, немам јас никаква лична одговорност, пратениците гласаа. За тоа јас и СДСМ, колегите пратеници, не сакаме да бидеме дел од очигледното криминално прекршување на постапката, но и донесувањето на лоша одлука, генерално.

Еве неколку свежи примери што во кампањата моравте да ги видите, зошто, ако лошо се води постапката како што и сега се води, резултатите ќе бидат негативни по сите.

Ростуше уште зјаат темелите од салата од 2002 година. Сега сме 2008 година. Тие се како споменик на владеењето на ВМРО ДПМНЕ во таа сфера.

Ќе спомне некој Валандово. Салата во Валандово е подигната, ама знаете таа кога функционира? Навечер од 23,30 до 24, 00 часот кога претседателот на ВМРО ДПМНЕ во тој град, не го знам, но информациите ги имам, со клучевите што само тој ги има, ќе отклучи, ќе играат фудбал или баскет со своите другарчиња од општинскиот комитет и после ќе одат да боза. Тогаш функционира салата во Валандово, не функционира воопшто во друго време. Тоа можете да го проверите, еве ќе одиме заедно, да видите дека салата во Валандово која е направена, не функционира. Таму нема спортски екипи што вежбаат, нема ученици од основните и средните училишта што вежбаат, освен членовите на ВМРО ДПМНЕ и општински Комитет Валандово. Тоа се факти. Во таа ситуација не можеме да не реагираме. Тоа не е популизам. Да се спротивставиме на злоупотребата, бидејќи таа сала во Валандово е изградена со пари мои, на господинот Трајко Вељановски, на многуте граѓани надвор од оваа сала. Ако е изградена со граѓански пари, дајте да биде употребена за таа намена за која е направена, а не како сега да биде само злоупотребена од мала група на локална самоуправа луѓе. Јас не велам дека тие тоа го прават со дозвола на раководството на ВМРО ДПМНЕ, но за жал тоа се случува. Еве добра информација за вашите тројки да го провеат тоа.

Меѓу останатото, ние сега слушнавме, не од министерот за финансии, туку од пратеникот Јован Лазарев дека дел од овие средства ќе се употребат и за веќе постоечките фискултурни сали. Тоа веќе е друг момент кој не е ставен во овој закон и тоа треба да го знаеме, бидејќи кога се носи одлука за задолжување треба да се знае колку средства ќе одат на гринфилт спортски сали, тука најдобро се перат парите, тоа добро го знаете, колку ќе одаст на дел на постоечките, па да знаеме колку кошеви, говори, мрежи, справи за вежбање, атлетски направи, гимнастички итн., ќе се купат за да знаеме навистина кога ги терате граѓаните да се задолжат каде ќе му отидаст парите. Тоа е основно правило кога се задолжува државата.

Имаме ситуација за многу крупни инфраструктурни проекти, меѓу кои и автопатот Е 75, дел од делниците, особено оние после Демир Капија, не можеме до крај да ги реконструираме или здравје Боже да се направи класичен тип на автопат од проста причина што од субјективни, политички, објективни и т.н. причини доцнат кредитите што треба да гиземеме, а министерот тоа добро го знае, а сега се задолжуваме 12,5 милиони евра за изградба на фискултурни сали. Прашањето е дали Република Македонија има и други приоритети освен ова. Има многу. Ова не е приоритет број 1 за да се задолжат луѓето.

На крајот на краиштата, господине министре вие добро знаете дека ваша обврска е, а не на Народната банка да влијаете на нивото на јавната потрошувачка во Република Македонија. Степенот на јавна потрошувачка што вие го направивте, а го крунисавте со екстремното трошење на пари за време на изборите, најмногу од сите, и другите трошеа, но ВМРО-ДПМНЕ тоа го направи помножено со 10 од сите останати, придонесува и за повисоката инфлација. Вело време во изминативе неколку месеци се криете зад Народна банка, се трошат дел од девизните резерви за да се одржува курсот на денарот, кој што е под страшен притисок, а сега од друга страна дополнително се одлучуваме 12,5 милиони евра - не знам колку ќе бидете ефикасни во повлекувањето на траншите - ги пуштите во, ќе речете вие инвестициона потрошувачка, јас нема да бидам сигурен, бидејки ако дел од инвестиционата потрошувачка се завршува во грчката фирма за која говореше колегата Станковиќ, не гледам каде ќе биде тука Македонија во ќар, и дополнително ќе вршите притисок врз и онака веќе започната, срамежливо но сепак минимална спирала на инфлација што ни се случува во Република Македонија.

Да резимирам, Македонија има побитни и поважни приоритети од аспект на граѓаните. Можеби ВМРО-ДПМНЕ има побитни приоритети од аспект на Владата и вие имате апсолутно право да речете видете, народот ни даде подршка, имаме 63 пратеници, ќе правиме што сакаме. Така и се однесувавте, не можам да ве

спречам јас или некој друг во тоа. Есепот ќе се прави друг пат, нема сега, но апсолутно имаме право во вашата забеганост во победата да се обидеме малку да спречиме за да се донесат некои реални решенија. Никој нема против 30 нови сали, ама во оној момент кога многу други проблеми ќе бидат решени,тогаш салите ќе дојдат на ред. Тоа е исто како сега вие да не убедувате дека на Република Македонија и е приоритет да гради 10 олимписки базени, како што тоа веројатно ќе го каже колегата Георгиевски, бидејќи треба да го развиваме ватерполото. Република Македонија е мала држава и не може да развива спортови. Може да развива неколку, ама да ги развива квалитетно. Вака ние ќе слушаме еден месец Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе развива атлетика, следниот пат ватерполо, следниот пат одбојка, следниот пат тенис, следниот пат фудбал, следниот пат скијање и на крајот ништо нема да биде развиено, освен тоа што ќе гледаме на сателитските канали како Хрватска, Србија, Бугарија, можеби и Албанија во следно време се развиваат во одредени типови на спортови и имаат екстремни резултати. За тој концепт не разговараме овде и велиме ајде, со тоа што ќе ги изградиме 30-те спортски сали, ќе се развие економијата. Не е точно. Па велите како теза со спортските сали ќе ги спречиме младите луѓе да мислат на лоши работи, тука делумно се согласувам, на девијантни појави, но ќе им помогнеме во нивниот развој. Младите луѓе сакаат да работат, така најдобро им помагате во нивниот развој, а не наместо да им дадете 500 денари во џеб, на младиот човек 500 денари да му земете со одлука за задолжување за да игра утре фудбал во сала што ќе чини 200 или 250 илјади евра, а истата со стандард на град од 70-тите години кој што е напуштен, за тоа нема да зборувам, така велат експертите што ги комуницирав, јас не сум експерт во таа област и дополнително наместо парите да се насочат - еве, се спомна проектот “Компјутер за секое дете” кој е добар проект, а тоа дали е компјутер или е работна станица, тоа е друго прашање. Имате проблем со инсталацијата во училиштата, дајте ги овие пари за инсталацијата. Сега имаме ситуација да немаме столчиња, инсталација, вециња, а ќе градиме спортски сали во оние училишта каде што немало. Одите чекор по чекор ама паметно, бидејќи вака ќе сметаме дека единствено што сакате е многу лесно, бидејќи лесно е денес пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во 2008 година да речат ние ќе ја задолжиме државата, па после некој друг таму ако е лош проектот нека го носи гајлето. Така испаѓа, бидејќи ќе се смени овој состав на Парламентот, сакале или не сакале, вака или онака, без разлика кој ќе победи. Тие пратеници ќе речат, извинете, треба да го продолжиме заемот за задолжување на Македонија бидејќи овие пред нас не заглавиле 12,5 милиони евра и тоа е лошо, бидејќи ако секој си гледа а и сега да направам некој ефтин ќар па после нека му ја мисли оној позади мене, така не се гради држава, така се разградува држава и пристапот е лош дека идеата за изградба на спортски сали е добра, таа е добра, но со ваков пристап мислиме дека Република Македонија ќе биде во полоша ситуација од онаа која беше претходно бидејќи ќе биде дополнително задолжена, нас веќе ни е зголемен трендот на задолжување спрема странство и за тоа ќе зборуваме кога ќе дојде ребалансот на Буџетот кој е најавен. Меѓутоа, вака како што се предлага овој закон за задолжување за спортските сали, имајќи предвид како се воделе во минатото, како ќе се водат според наши претпоставки во иднина, не може да биде добар концепт. Патем речено, денес е 2008 година, а вие ги ветивте овие спортски сали на изборите 2006 година. Сега е надградена и проширена програмата, не гледам дека тука има зголемување, но меѓу другото ќе треба да им дадете одговор и на граѓаните зошто за две години не сте ги изградиле овие спортски сали, бидејќи СДСМ не ви беше тука проблем и кочничар, да сакавте да ги направите ќе ги направевте и без задолжување, ако како што зборуваа колегите од СДСМ пред малку, се откажевте од коруптивни потреби од типот на огромните рекламни кампањи направени во овие две години, заклучно со последните избори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Значи вака господине Ивановски, благодарам на забелешките, се чувствува еволуција, во меѓувреме веројатно пратеничката група на СДСМ се договорила ...

(Гласна реакција на пратеникот Јани Макрадули).

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колега Макрадули, немој такви зборови.

(Гласно реагирање на пратеникот Макрадули).

Колега Макрадули, ве молам, немојте такви зборови.

(И понатаму пратеникот Макрадули реагира).

Продолжете министре.

**Трајко Славески:** Во меѓувреме нападите за коруптивно определување на каматната стапка, откако беа предупредени, за која институција станува збор, веќе се претворија во она што секој може да го заклучи дека може да се види на интернет. Значи одговорот за висината на каматната стапка е ЕУРИБОР, во моментот изнесува 4,959 процентни поени и еден варијабилен дел кој што го утврдува банката, како и секоја финансиска институција која зависи од тоа како ја оценува кредитната способност на земјата. Првите заеми со банката при Советот на Европа од Република Македонија беа со варијабилен дел од 0,4, сега тој заради тоа што не ценат во моментот подобро со подобар кредитен рејтинг изнесува 0,35. Значи каматната стапка, како што беше прашањето по два месеци кога би се повлекла првата кредитна транша изнесува 5,31%.

Само да ве потсетам што значи ова почитувани. Народна банка на Република Македонија им

плаќа на банките 7% во моментот за повлекување на ликвидност од анкарските систем со емисиите на благајнички записи. Во моментот таа референтна каматна стапка на Република Македонија за едномесечни, а не повеќегодишни записи изнесува 7% и Министерството за финансии понуди откуп, понуди обврзница двогодишна со каматна стапка од 8%. Она што можеме ние да го обезбедиме на домашниот пазар е далеку понеповолно од оваа каматна стапка што ќе се обезбедува за овој социјален проект.

Една информација, веројатно и довчерашнио тпретставник на Министерството за образование и наука ќе го кажеше истото, тендерот е поништен, така што допрва би се распишал тендер за фианнсирање на овој проект на 145 спортски сали.

Одговорот на прашањето зошто се задолжуваме или пак зошто не учествуваме со сопствени средства: да ве потсетам, прашањето не е коректно поставено, но ако следевте внимателно и ако го читавте вниамтелно образложениeто, ако го следевте внимателно експозето ова е комбинација на учество со сопствени средства, значи 115 спортски сали Ќе се градат со буџетски средства во основните училишта, а за средните училишта делумно со 87% бараме задолжување кај банката при Советот на Европа. Зошто се задолжуваме? Затоа што можеме тоа да го направиме, 29% изнесува вкупно јавниот долг на земјата во однос на ЈДП, Република Македонија спаѓа во една од најмалку задолжените земји во светот и трајни потрошни добра, како и луѓето, како граѓаните кои купуваат станови и автомобили на кредит, ние купуваме на кредит, затоа што тие ќе се користат и воиднина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господин Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Едно е факт или аксиома, поточно кажано тоа е цинизмот и ароганцијата на министерот, ама тоа не е проблем на Игор Ивановски.

Втората работа е господине министре, нема логика да споредувате едномесечни благајнички записи или државни обврзници со среднорочен кредит, барем вие тоа го знаете, меѓу другото и го предавате на факултетот.

И третата работа господине министре, благодарение на лошата економска политика на вашата Влада, во моментот каматата на благајничките записи е 7%. Заради тоа, затоа што Народната банка нема друга алтернатива освен да ги повлекува екстремно високите суми на ликвидност кои што вие ги пуштате преку јавната потрошувачка. Затоа господине минситре имаме апсурдни ситуации Република Македонија да има 7% на благајнички записи од Народната банка спрема комерцијалните банки, што не е случај кај останатите држави во Европа. Таму каде што се нормални ситуациите има нормална каматна стапка која се движи, ако е точно ова што го велите, точен е податокот, го видовте и вие на интернет, спрема 5 се движи, но не кажувате и одредени скриени трошоци кои ќе ги имате во евиденцијата, кои ќе ја направат каматната стапка до 7%, со кои ќе се враќа овој кредит. Затоа бараме однапред да гокажувате износот, а не сега откако бевте принудени и јас го побарав. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Георгиевски Ивица, повелете.

**Ивица Георгиевски:** Благодарам претседателе.

Јас не сакав да се јавам, но бев предизвикан од вториот потпретседател на СДСМ. Или на СДСМ не му е јасно или не сака да му стане јасно за што се работи и за што е дискусијата денес. Дискусијата е за земање кредити за изградба на фискултурни сали во училишта кои немаат спортска сала, за основната потреба на младите во Република Македонија во сите тие училишта кои немаат во овој момент услови каде да спортуваат и да се одржи физичко образование. За тоа е дискусијата, ниту се работи за сите останати дискусии што ги направивте, што немаат врска со ова. Се работи за основна потреба, а во исто време одлучност и решителнсот на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, на премиерот Никола Груевски да инвестира токму во тие млади луѓе.

Како што се градат салите, се градат игралиштата, само да ве информирам бидејќи и претходно ме спомнавте, во овој момент низ Македонија се градт 20 фудбалски игралишта и 20 спортски сали. Пробелмот е зошто за една година се изградени скоро 10 што сега ќе бидат готови, зошто само 10, и јас велам тоа е премалку, но ако во изминатите 18 години се градело секоја година по 10 спортски сали немаше да има потреба сега да земаме кредит. Прашање е зошто претходните влади, земајки ги сите премиери од осамостојување до сега не инвестирале во изградба на фискултурни сали во сите тие училишта. Сега бидејќи никој не земал до сега да биде толку одлучен и решителен за потребите на младите, оваа Влада, овој премиер решително влезе во овој проект за изградба на спортски слаи и фискултурни сали во сите училишта, таму каде што се потребни. За тоа е дискусијата. И ако за тоа е потребно кредит да се земе, мислам дека граѓаните на Република Македонија кога ќе го одобрат, впрочем како што го одобрија пред месец дена и каде што целиот ваш концепт, каде што вашите приоритети се можеби закон за носење лесни дроги и сл., определеноста на оваа Влада е изградба спортски објекти за младите во Република Македонија. Мислам дека тоа го одобрија и сите граѓани на Република Македонија и редно време е и вие да ја сфатите суштината и значењето на ова што треба денес да го донесеме. Балгодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Млад колега, најдете ми едно место во вашата програма каде им прикажавте на граѓаните дека ќе градите 30 фискултурни сали со задолжување од 12,5 милиони евра. Веднаш покажете ми го, за да можеме да продолжиме.

А ќе ви кажам господине Георгиевски како ваши претходници - за вас уште не знаеме, можеби ќе се отвори нешто - реализираа одредени спортски сали од оние претходните 35 од кои 4 се изградија. На 20 септември 2002 година, значи 5 дена после губењето наизборите, ги дадоа на 30 години на индивидуални лица со месечна рата од 190 евра, се извинувам тоа е многу месечно, годишно 190 евра, 4 сали од Форца - Мобимак до Дојран и на други места 190 евра се годишно, изградени од парите на луѓето за да на крај некој профитира без да врати назад за државата. Тоа е концептот на Агенцијата за млади и спорт господине Георгиевски што не сакам да се повтори. Дали во вашиот мандат нешто е направено, ќе излезе, ако е направено ќе видиме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Бидејки бев спомнат дека сум кажал нешто што не постои во материјалот, јас само да го потсетам почитуваниот пратеник Ивановски дека во прилог на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за задолжување сите рпатеници го добија Рамковниот договор за заем, во кој што во Анекс 1 стои опис на проектот и во него се вели дека планирани работи: изградба на 30 објекти за физичко образование во средните училишта, набавка на опрема и реновирање на тие училишта со цел да ги задоволат основните стандарди за изведување на наставата, локација - низ целата земја проценет вкупен износ на проектот 14300.000 евра и сега во една графа најголема стои: индикативна распределба на трошоците, па вели дел 1: проектирање, геомеханичко истражување, изградба на фискуктурни сали, прегледување и опрема 12.100.000 евра; дел 2: опрема за други средни училишта 763.000 евра; дел 3: единица за имплементација на проектот 198.000 евра и т.н. , дел 4, дел 5, да не должам. Значи стои тоа што јас го реков дека почитуваниот пратеник го прочита во Рамковниот договор за заем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Колега Лазаров, тоа е проблемот што вие тоа рамковно го објаснувате. Ние немаме информација за што конкретно ќе се потрошат тие пари. Патем речено, тие пари ќе бидат задолжување на Македонија. Да има Македонија суфицит на Буџетот, да има економски раст што го нема, па да сме една Јапонија и да речеме вишокот на остваренис редства ќе ги употребиме за некои други работи освен економски, јас би разбрал. Ама во макеоднските училишта има многу други потреби, нема добра струја, има лоши клупи, лоши столчиња, санитарни јазли, имаме сериозен проблем во некои делови со образовниот кадар, имаме се помалку ученици во одредени краеви и ние се зафаќаме за фискултурните сали. Тоа е лош концепт. Тргнувмаме од назад наместо од почетокот, се некако наопаку се тера целата работа. Јас ги знам вашите мотиви, мислам на Владата не на вас лично, но за нив ќе разговараме здравје Боже кога ќе имаме прилика. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа дека истече времето, давам пауза до 15,00 часот и во 15,00 часот продолжуваме со работа.

(Паузата започна во 14,01 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,11 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас се извинувам што по втор пат ќе земам збор, но сметам дека е моја обврска како пратеник од опозицијата за која што гласале 240 илјади граѓани во оваа држава, без разлика колку тоа му се допаѓа или не, на министерот за финансии. Имам обврска кога државата се задолжува за 12,5 милиони евра уште еднаш да укажам на некои работи. Јас и во претпладневното излагање реков дека за жал, ова задолжување ќе биде прво во историјата на Собранието на Република Македонија да се донесе задолжување кое не е согласно законот и Уставот. Паралелно на тоа, или во дополнителна светлина, или темнина во однос на овој закон е тоа што во Република Македонија постои Закон за јавен долг каде што законската обврска вели дека Министерството за финансии на крајот од годината заедно со Буџетот на Република Македонија ја поднесува стратегијата за управување со јавниот долг. Ние такво нешто немавме во декември месец 2007 година, Министерството за финансии надвор од законот, прекршувајќи го законот и Уставот на Република Македонија во февруари ни ја достави таа стратегија која што за жал, по мислење на ВМРО-ДПМНЕ не требаше да се најде на собраниска седница. Така што ние имаме стратегија за јавен долг во која што се вели дека задолжувањето на Република Македонија во 2008 година нема да надмине 550 милиони евра. Ова задолжување го има, но за тоа немаме верификација од Собранието на Република Македонија. И да не мислиме дека тоа може да помине така притискајќи само на зелените копчиња. Имаме обврска кон граѓаните што не бираат без разлика што нема заинтересираност од парламентарното мнозинство да им објасниме зошто надвор од законите во Република Македонија Владата се решава да земе и да ја задолжи Република Македонија со 12,5 милиони евра. Расправата што се отвори денеска се покажа дека има многу непознаници и има многу дилеми. Имено, расправата покажа дека еден

економист како што претендира да биде господинот Љубисав Иванов вели дека изградбата на спортската сала ќе го потикне економскиот раст. А сите знаеме и сите експерти рекоа дека со ова темпо на раст на јавната потрошувачка кога економскиот раст не може да го прати тоа се намалува животниот стандард и да не се чудиме зошто имаме двоцифрена инфлација после толку многу години. Овие инвестиции спаѓаат во таканаречените нестопански инвестиции кои што беа едно време познати во претходниот режим за кои што се уште ги плаќаме долговите, ние ги должиме како држава и ги плаќаме ние долговите како граѓани во Република Македонија. Од друга страна Владата за низа на проекти се сликаше на заеднички прес конференции, организираше по неколку различни трибини, масовно појавување на сите министри, но кога ќе ги задолжи граѓаните со 12,5 милиони евра не собра храброст тоа да го направи на заедничка прес конференција. И сметам дека е неодговорно Владата условите од заемот да ги пролонгира за следната Влада, бидејќи ова е задолжување што се однесува на 20 години со 5 години грејс период.

Дискусијата од некои пратеници отвори неколку дилеми и јас би сакал за тоа да продискутирам.

Прво, останува чудно зошто заемот кој бил одобрен на 19 септември 2007 година ја виде светлината неколку месеци подоцна во нашето Собрание. Но она што Владата ако не денес, тогаш ќе треба да го објасни во иднина е следното, 50% е подигнувањето на првата транша, останува дилемата дали сите 30 спортски сали ќе почнат да се градат по малку со тие 50% средства од заемот, или ќе почнат да се градат само онаму каде што имаме подобни градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ. Денеска чувме, а тоа никаде не го пишува дека некои сали ќе бидат 600 квадрати, некои сали ќе бидат 1200 квадрати, во зависност од големината и од потребите. Се наметнува второто прашање, дали овој закон, или оваа идеа, овој проект е во согласност и во комуникација со локалната самоуправа во Република Македонија. За колку од овие сали има детален урбанистички план, колку детални урбанистички планови ќе се менуваат, дали и каква ќе биде улогата на општините во одржувањето на овие објекти. Каков дополнителен трошок ќе предизвика за општините, а знаеме каква ригидна политика за финансирање на локалната самоуправа води оваа Влада. Обмислен проект никој не може да го оспори. Популистички проект со многу прашалници е наша задача да укажеме на низа проблеми и неизвестности кои можат да настанат после носење на овој закон. Според програмата првите сали треба да почнат да се градат во август, бидејќи е помалку од 20-тина дена. Мислам дека заслужуваме да знаеме кои се тие приоритетни сали кои ќе почнат да се градат. Колку општини се спремни со детален урбанистички план, со урбанизирани локации, со готова инфраструктура да го подржат овој проект. Во програмата на ВМРО-ДПМНЕ проширена и надградена исто како што изгледа и портпаролот на Владата пишува дека целиот проект на сали е некаде отприлика 70 милиони евра. Се уште ја немаме буџетската ставка кој што треба тие 70 милиони евра да ги покријат и без разлика тендерот што бил поништен, според Законот за јавни набавки доколку немате средства обезбедени исто како што немаше обезбедено средства за проектот “Сто илјади компјутери” лажни 100 илјади компјутери, тоа да го направите. Министерството за финансии со своето Биро за јавни набавки има обврска да ги објавува сите тендери во Република Македонија кои ги прават државните институции, се разбира.Ниту проектот “Сто илјади компјутери” е таму ставен на веб-страницата, ниту низа проекти кои што постојат ги има таму. Единствено има една фирма која што за Министерството за финансии во 20 транши носи компјутерска опрема, а таа фирма не е баш позната на овој пазар.

следната дилема што се јавува за каматите зборуваше господинот Ивановски, тука не сакам да се повторам. Земете го следниот закон и ќе ја видите разликата во точната дефинираност на каматата, при што, ако зборувам за каматата јасно е дека средствата што ги врати Владата на Груевски кон доверителите, условите на земање на овој кредит се полоши отколку да се користеа средствата што беа вратени. Наместо парите што ги имавме да се употребат, ако е овој приоритетот на Македонија, во ред. Но, се вратија, а новите средства што се земаат, се земаат по полоши услови отколку претходните.

Останува дилемата зошто, ако ова е заем кој што ние ќе го враќаме со камата на спортските сали да биде видливо истакнато логото на Банката на Советот на Европа. Зошто ако го враќаат тоа сите граѓани на Република Македонија да мора да биде и логото на позајмувачот на пари во овој момент. Веројатно не сите кредити што ги земаме од банките треба да ги ставиме на објектите, бидејќи не е тоа со нивни средства. Тие само ни позајмуваат средатва кои што 20 години граѓаните на Република Македонија 12,5 милиони евра треба да ги вратат.

Тука сакам да отворам две дилеми, три дилеми во однос на Рамковниот договор. Прво, од табелата што и господинот Лазаров ја кажа јасно е дека овој Закон не треба да се вика закон за изградба на фискултурни сали, туку тој закон треба да се вика закон за различни намени, бидејќи не сите пари ќе бидат вложени во изградаба на фискултурни сали. Имено, беше напомenето дека во рамки на Министерството, значи од вработени луѓе во Министерството ќе се формира единица за имплементација на проектот. Таа единица за имплементација на проектот до 31.12.2010 година ќе си подели 200 илјади евра. Значи, вработените кои ќе бидат одредени да го водат овој проект ќе ги чинат граѓаните 200 илјади евра само за административни потреби, а не за изградба на фискултурни сали. Ова Министерство за образование и овој министер и државниот

секретар и тоа му е веројатно наградата го воведе тој концепт на масовни наградувања на вработените, се разбира избрана по партиска основа кои што учествуваат во некои проекти. Тука ќе се потрошат 200 илјади евра. Во условите на овој Рамковен договор пишува, бидејќи тоа е предмет на расправа. Го читам додаток 3: Мора да се гарантира. Инаку, во брзање некаде пишува додаток, некаде анекс, нема некоја унифицираност. Додатокот 3 се однесува на принципите за еколошко управување. Тоа значи да се гарантира дека проектите што се финансирани од Банката, потенцирам, биле подложени на претходно еколошко испитување и дека нивните еколошки аспекти се земени во предвид, при што мора да бидат во согласност со принципите и проектите на европскиот економски простор, согласно со европските еколошки регулативи и европските директиви кои се однесуваат на студиите за влијанието врз природната средина. Што значи, и тука пишува дека заемопримачот, односно Република Македонија ќе треба да ги обезбеди сите овие информации. Што значи, дека и овие 12,5 милиони евра нема да ги употребиме за фискултурните сали, туку голем дел од нив ќе ги потрошиме, ако сакаме ова да биде како што треба и како што пишува во додатокот 3: на анализа за еколошките ризици и за усогласување со директивите и еколошките регулативи. Затоа тие дополнителни средства, кој е тој тим што тоа ќе го прави, останува дилема и после оваа расправа. Сепак, веројатно најкрупната работа е што во Рамковниот договор пишува дека кога ќе дојде траншата мора 90% од претходната да биде искористена. Што значи, ако не е тоа направено, тогаш ќе се плаќаат пенали повторно од страна на Буџетот на Република Македонија, односно од сите граѓани на Република Македонија. Затоа, не можеме да се сложиме на ваков апсолутно неповолен надвор од закон и Устав со огромно задолжување од 12,5 милиони евра да подржиме проект кој што не е на врвот на приоритетите во Република Македонија. На Република Македонија и требаат проекти со кои што ќе се подобри и економскиот раст, ќе се подобри квалитетот на животот, социјалниот пакет итн. Овој проект нема да донесе нови вработувања. За жал, граѓаните на Република Македонија во следните 20 години ќе плаќаат, а се плашам дека ќе плаќаат многу повеќе од 12,5 милиони евра. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Значи, ќе се обидам повторно на кратко да ги дефинирам прашањата кои мора да бидат одговорени. Господинот министер во оставка Славески од говорница кажа дека со оглед на тоа што јавната потрошувачка, ако слушнав добро е 29%, значи има капацитет едноставно Република Македонија да зајмува пари кај видни меѓународни финансиски институции. Ќе го поставам есенцијалното прашање, зошто во Предлог законот за заем од Светска банка каде што бараме пари за подобрување на патната мрежа убаво и точно согласно законот за јавен долг е дефинирана каматната стапка. Господине Славески и тука вие сте изготвувач и предлагач и бранител на овој закон што за нас не е спорен и е на висина на 70 милиони евра. А во претходната точка каде што бараме пари за изградба на фискултурни сали, тоа не е направено. И овде сте вие потписник. Тоа е дилемата. Што значи дека не ви држи вода објаснувањето дека Македонија има капацитет да се задолжи со 12,5 милиони евра за следните 20 години. Не е точно. Барате од нас изин и за ново задолжување од 70 милиони евра, повторно на 20 години со ист грејс период. Законот што ни го нудите има проблем, ќе ви падне на Уставен суд, бидејќи не сте ја дефинирале каматната стапка. И потоа ќе говорам при крај за планирањето, господине Славески. Но, прво за предлог, Рамковниот договор што претпоставувам вие како еден министер за финансии ќе го потпишете поднесе неколку членови. Сакам да докажам дека не станува така едноставно збор за 12,5 милиони евра. Не. Прво велите дека каматната стапка заеднички ќе ја определува Владата и Европската банка за развој при Советот на Европа преку факс. Никој не знае колку ќе биде вие се обидовте да ни дадете еден одговор доколку по два месеци се враќа првата транша ќе било 4 и нешто процентни поени, кога се земат сите трошоци ќе изнесува околу 5. Ама тоа е за нас и тоа е проблематично, бидејќи вие кажавте можност доколку за два месеци биде исплатено. Дека не станува збор за чисти 12,5 милиони евра договор за заем, туку со потпишувањето ќе прифатите многу потешки услови, цитирам одредби од членот број 4 употреба на заемот. Велат траншите ќе бидат алоцирани во рамки на проектот во рок од 12 месеци по секое повлекување, но доколку било кој износ не е алоциран во рамките на проектот треба да се врати назад во рок од триесет дена. И пишува доколку го враќаме назад ќе произлегуваат трошоци ќе бидат на терет на Буџетот на Република Македонија. Тие трошоци дополнително ќе ги зголемува и трошокот на Централната европска банка за инвестирање по нивна стапка. И повторно говориме за икс износ на трошоци. Не знаеме. Доколку единицата за имплеметација на овој заем од некои причини неправилно го алоацира или не го употреби, дополнителни трошоци директно од Буџетот ќе се користат. Подолу плус пишува дека доколку траншата исплатена од страна на банката не биде алоцирано кон проектот или биде само делумно алоцирана, постои можност со ваш потпис, претпоставувам на откажување, укинување или предвремено отплаќање на овој заем. Е за тоа треба да говориме. Не е само просто да го изгласаме вашиот Предлог закон за задолжување. Обрвските што ги преземаме се и те како големи.

Понатаму во точка 4, 1/2/2, зголемен или ревидиран износ на проектот. Вели доколку трошоците за проектот се зголемат или бидат ревидентирани од било која причина, Република Македонија ќе треба да обезбеди дополнителни финансиски извори за да се заврши проектот. Повторно непознат износ кој ќе биде на терет на Буџетот на Република Македонија. И вели еден став, Република Македонија треба да обезбеди пред имплементирањето на проектот. Дека се достапни сите финансиски права, права на земјиште, на недвижен имот што се потребни за проектот и дека сите имоти и постројки се постојано осигурани. Дополнителен трошок за осигурување и се разбира одржување. Тоа е што го говореше пред малку колегата Макрадули, усогласувањето на условите согласно Законот за локална самоуправа каде со втората фаза на децентрализација под локална самоупрва влегуваат и основното и средното образование.

Преголеми се обврските, ваквиот Рамковен договор за заем на овие средства не обезбедуваат фиксен износ со кој влегуваме во една авантура наречена непознат износ на користење на буџетски средства.

Она што го говореше Макрадули за мене е сериозен проблем. Ако го потпишете точка 4 1-2/3 видливост на ЦЕБ да преземете обврска на секоја сала на корисниците да им посочите дека проектот е кофинансиран од страна на ЦЕБ, па вие господине Славески не убедувате дека ова е дел од вашиот проект наречен 114 фискултурни сали, но никој не знае кои 30 сали ќе бидат делумно кофинансирани од Централната европска банка, бидејќи станува апсолутно чист производ кој ќе биде платен од Буџетот на Република Македонија член 6 од вашиот закон. По што ќе ги разликуваме салите? На едните ќе има лав и сонце од Вергина, а на другите логото на Банката за развој при Советот на Европа, но парите ќе ги подмирува секој граѓанин на Република Македонија наредните 20 години.

Со самиот почеток на имплементирање на овој договор господине Славески грејс периодот е следните 5 години апсолутно ќе земете средства, ќе ги трошите кој како сакате и знаете, но на некои идни влади и генерации ќе го оставите проблемот.

Да завршам околу бламирањето. Знаете која ќе биде најголемата бламажа на Република Македонија во очите на Банката за развој при Советот на Европа? Ако денес владеачкото мнозинство го изгласа овој закон, вие го ставите својот потпис на Рамковниот договор, а потоа Уставниот суд ја оспори неговата уставност вие господине Славески како потписник и предлагач ќе ја избламирате Република Македонија не само во очите на Банката за развој при Советот на Европа, туку пред цела европска јавност ќе ја избламирате Република Македонија, не само во очите на Банката при советот на Европа туку пред цела европска јавност. Онаму каде што нели, сте запишале дека долгорочна стратегија или програма е цела на ВМРО ДПМНЕ да ја води Република Македонија во Европа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го стававам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, од нив за гласаа 53, воздржани нема, против 9.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 62 пратеника, од нив за гласаа 53, воздржан нема, против гласаа 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковиот договор за заем за делумно финансирање на проектот за изградба на фискултурни сали.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната Банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Трајко Славески министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници.

Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа во Република Македонија е дел од Стратегијата за партнерство на Светска банка со Република Македонија за период 2007-2010 година.

Овој проект е одговор на состојбата во која се наоѓаат регионаланите и локалните патишта во целата држава.

Почитувани пратеници најголем дел од вас, ако не и сите присутни често сте во посета на вашите гласачи, на вашата изборна база, патувате низ Република Македонија и можете да видите дека навистина може многу да се направи за подобрување не само на условите за живот на граѓаните на Република Македонија , туку и за подобрување на можноста тие да остваруваат егзистенција со сопственот труд.

Да ве потсетам дека влеговме во села каде луѓето сакаат да се занимаваат со сточарство, но заради непостоење на пристоен пат не може откупните претпријатија да стигнат таму со свои сопствени средства и млекото останува непродадено, стопанска активност што може да биде продуктивна за сите граѓани на Република Македонија не се организира, некои граѓани не можат да обезбедат егзистенција.

Целта на овој проект е намалување на трошокот за пристап на општините во Република Македонија до пазарите и услугите преку подобрување на состојбата и квалитетот на регионалните и локалните патишта.

Оттаму Владата на Република Македонија донесе одлука за реализација на проектот за подобрување на постоечката регионалана и локалната патна мрежа.

Овој проект е составен од три проектни компоненти и тоа: Реконструкција и инвестициско одржување на регионалните патишта, реконструкција и инвестициско одржување на локалните патишта и институционална подршка. При тоа со првата компонента-реконструкција и инвестициско одржување на регионалните патишта ќе се обезбедат финансиски средства со кои ќе се покријат околу 330 км. асфалтирани опатни делници од сите регионални патишта во Република Македонија. Воедно патните делници кои ќе бидат опфатени со оваа компонента ќе бидат оние делници кои се избрани преку неодамнешната студија финансирана од страна на Европската комисија, а изработена од страна на консултантската фирма Хидро-план.

За оваа компонента подготвувањето на тендерската документација и вршењето на надзор на работите ќе биде финансирано од редовните извори на средства на Фондот за магистрални и регионални патишта како учество на Република Македонија во проектот.

Со втората компонента реконструкција и инвестициско одржување на локалните патишта ќе се обезбеди финансирање за покривање на околу 420 км, на асфалтирани и неасфалтирани локални патишта од сите локални патишта во Република Македонија и ќе вклучува главно градежни работи за локализирани поправки или замена на носивите слоеви и објекти за одводнување проследено со делумно или целосно повторно асфалтирање или вградување на тампонски слој.

Исто така ќе вклучува подготовка на конечните тендерски документи. Надзорот на работите ќе ги финансира Фондот за магистрални и регионални патишта од сопствени средства.

Кончно, третата компонента институционална подршка од проектот опфаќа зајакнување на капацитетот на Владата на Република Македонија за управување и одржување на патната мрежа преку обезбедување советодавни услуги и обука на Фондот за магистрални и регионални патишта и Министерството за транспорт и врски, канцелариска информатичка опрема, извршување финансиска и техничка ревизија за проектот како и подготовка на тендерска документација за локалните патишта.

Почитувани пратеници, сакам да напомнам дека Фондот за магистрални и регионални патишта ќе учествува со свои средства во проектот во износ од 1,2 милиони евра за надзор на градежните работи за регионалните и локалните патишта.

Исто така вкупното буџетско учество во износ од 12,8 милиони евра во проектот опфаќа трошоци за ДДВ ќе биде обезбедено од Буџетот на Република Македонија од Фондот за магистрални и регионални патишта.

За таа цел по одобрувањето на заемот од страна на Бордот на извршни директори на Меѓународната банка за обнова и развој и по извршените преговори по Нацрт текстот на договор на заем двете страни односно Министерството за финансии во има на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој- Светска банка се договорија заемот во износ од 70 милиони евра да се даде и да се заклучи под следните услови:

Рок на отплата на заемот е 20 години вклучувајќи грејс период од 5 години. Каматната стапка е либор плус варијабилен распон како и подеднакви износи на отплата кои ќе се плаќаат два пати во годината почнувајќи од 15 септември 2013 година заклучно со 15 март 2028 година.

Финансиските услови под кои ќе биде доделен овој заем воедно предвидуваат можност за конверзија на валутата и каматната стапка т.е. премин кон фиксна каматна стапка за време на периодот на отплата на заемот.

Доколку Република Македонија во иднина се одлучи да го искористи правото на конверзија на валутата или каматната стапка ќе треба да плати одредени трошоци за конверзијата.

Ова се стандардни клаузули во ваквиот тип на договори.

Согласно прописите на Меѓународната банка за обнова и развој Република Македонија како заемо барател има обрска да и плати на Банката еднократна провизија трошок во износ од 25 процентни поени односно 0,25% од износот на заемот. Тоа во жаргонот на банкарите се нарекува на англиски јазик (франд енд фи).

Оваа провизија за проектот изнесува 175 илјади евра и ќе биде платена еднократно од средствата на заемот.

Средствата за сервисирање на заемот треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, сепак за целосна реализација и обезбедување за финансирање на горе споменатиот проект кој вклучува реконструкција и инвестициско одржување на регионалните и локалните патишта во Република Македонија потребно е Министерството за финансии во име на Република Македонија да склучи договор за заем Меѓународната банка за обнова и развој со цел регулирање на правата и обрските на договорните страни.

Согласно Законот за јавен долг предуслов за склучување на договор за заем е донесување на закон за задолжување од стрна на Собранието на Република Македонија , за таа цел Владата на Република Македонија го достави овој Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој- Светската банка по договорот за заем по проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа до Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници сметам дека по изнесените аргументи се доволни Собранието на Република Македонија да го подржи и усвои Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој- Светската банка по договорот за заем по проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа.

И овој како и претходниот закон со секој негов член е целосно во согласност со Уставот и законите во Република Македонија особено со Законот за јавен долг.

Вкупен јавен долг во Република Македонија во моментот изнесува 20% од БДП, ќе повторам она што претходно го кажав во една реплика е еден од најниските степени на задолженост на државата во светот. 60% од вкупниот јавен долг отпаѓаат на надворешен долг. Тоа значи дека Република Македонија има простор за задолжување за проекти кои ќе го подобрат животот на грѓаните во Република Македонија и ќе ја поспешат економската активност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на СДС се сложува дека вложувањата во регионалната и локалната и во патната мрежа и во патната инфраструктура може да го подобри и поттикне економскиот развој. И ќе го поддржиме овој проект за разлика од проектот од спортските сали што не може да го поттикне економскиот развој.

Но дозволете ми само да дадам три коментари.

Тие пратеници што ги читаат законите можат да ја направат разликата меѓу претходниот заем и овој заем. И, затоа министерот за финансии толку време потроши на говорница, бидејќи имаше аргументи, има точни бројки, има план, има стратегија сето ова како да се изврши. Тоа во претходниот заем го немаме.

Мислам дека согласно вашите заложби, бидејќи вас ќе ви се обратам претседателе, ќе чекам да завршите на телефон, согласно вашите заложби за Собранието како храм на демократијата, гледам јавноста не ви го одобри тоа, сеуште скептички гледа, со скепса на ова Собрание, веројатно заради претходниот претседател, се надевам ќе имаме шанса да го подобриме, ќе беше добро, без разлика што законот е по итна постапка да биде согласно Деловникот. И во делот на финансиските средства каде што вели дека треба да се обезбедат од Буџетот односно средствата за финансирање на заемот согласно член 160 од Законот за буџет вие мора, без разлика дали законот е нацрт фаза, итна, скратена, регуларна процедура, мора да стои колку пари од Буџетот ќе бидат потрошени за оваа намена. Тоа го пишува во Деловникот, во постоечкиот, се додека не го промените.

Ќе беше добро и во прилог на градење на храм на демократијата, како што го пишува овде Проектот во компонентите на Проектот дека договорено е патните делници кои ќе бидат опфатени со оваа компонента да бидат делници кои се избрани преку неодамнешната студија финансирана од страна на Европската комисија, а изработена од страна на консултантската фирма Хидро план.

Ќе беше демократски, согласно храмот на демократијата да го имавме тоа. Да ни ја дадевте таа студија, да видевме кои се тие општини кои се опфатени.

Ќе беше подобро за сите нас, па затоа останува уште и третата дилема.

Иако беше законска обврска стратегијата за јавниот долг да се усвои кога се предлага буџетот, во февруари не беше поставена на дневен ред, тука има доста интересни работи што ги читаме. Овој Проект требало да чини 50 милиони евра, стигнал до 70. Веројатно тоа во стратегијата ќе си се избалансира или ќе си најде амандманска интервенција од страна на Министерството. Ама, ќе прочитате дека кредитот или набавката на медицинска опрема од 40 милиони евра сеуште немаат кредитор. Нема лага дека постојат тие пари и затоа никогаш таа опрема не е поделена. И затоа е многу интересна оваа стратегија, затоа што тука се укажува на многу работи кои што ќе ги најдеме овде, а всушност во реалноста постојат само на скапите реклами на Владата.

Да резимирам. Мислам дека непотребно два милиони од кредитот ќе се вложи во институционална поддршка на Фондот за магистрални и регионални патишта, за компјутери и за обука. Мислам дека со тие пари подобро да се направи некое регионално патче и да се реконструира отколку да се фрла во администрација. Мислам дека Фондот има доволно средства и капацитет за да може институционално да се справи со еден ваков заем без разлика што изнесува 70 милиони евра.

За нас, за Социјалдемократскиот сојуз инфраструктурата носи просперитет и економски раст. Затоа ќе гласаме за овој заем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Нема).

Дали е некој против? (Нема).

Констатирам дека по Предлогот на законот вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за гласаа сите 64 пратеници, нема воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа.

Со оглед на тоа што претставникот на Владата за точка 10 е присутен, се враќаме на точка 10 - Предог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

**Минуваме на точка 10 - Предог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Горан Сугарески поднесе амандмани на член 1; член 11 став 2 за бришење на точка 17-А; за бришење на членовите 29, 30, 31, 38, 40, 58, 62, 64, 66, 69, 71, 73, 75, 77, 79 и 81, член 98 за менување на член 99 за додавање нов член 99-А по членот 99 и на член 100 за бришење на новиот член 141-Б, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Соња Миракоска поднесе амандмани на член 1 за менување на текстот по воведната реченица; член 2 за додавање нова точка 1 по воведната реченица; член 2 за бришење на точка 3; член 2 за менување на точките 5, 8, 12 и 17 и член 2 за додавање нова точка 6-А по точка 6; член 2 за додавање три нови точки 10-А, 10-Б и 10-В по точката 10-Д и на член 3 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Да почекаме пет минути со оглед на тоа што нема претставник од Дирекцијата за заштита и спасување за да може заедно со него министерот за одбрана да се произнесе по амандманите.

Предлагам пауза до 16,10 часот.

(Пауза од 16,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,14 часот)

**Трајко Вељаноски:** Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Амандманот 1 на член 1 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на текстот по воведната реченица поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе. Амандманот 1 на член 1 поднесен од пратеникот Соња Мираковска не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова точка 1 по воведната реченица поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа.
**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на точка 3 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа.
**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на точка 5 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа.
**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова точка 6-а по точката 6 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот се прифаќа. **Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на точка 8 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа. **Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 2 за додавање три нови точки 10-а, 10-б, и 10-в, по точката 10 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на точка 12 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа. **Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на точка 17 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа. **Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на ставот 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа. **Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, за бришење на точката 17-а, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа. **Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 29 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа. **Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Овој амандман го предлагаме за бришење на член 29 од Предлогот на законот.

Имено, амандманот го предлагам затоа што сметам дека одредбите што се однесуваат на мерките за заштита и спасување поадекватно се уредени во постојниот текст на Законот за заштита и спасување, отколку со предложените измени на истиот.

Неразбирлива е самата содржина на понудениот текст во ставот 1 на член 29, во кој се вели дека мерки за заштита и спасување се: урбанистичко технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување, што би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон. Што имплицира дека мерките за заштита и спасување се појава која пак нешто е сосема спротивно на вистинското значење на поимот мерки за заштита и спасување, под кои се подразбира планско, навремено и координирано преземање на активности и постапки од превентивен и оперативен карактер за намалување на опасностите и отстранување на последиците од природните непогоди и други несреќи, пред, за време и по настанувањето на истите.

Нејасна е и неразбирлива понудената понуда на мерките за заштита и спасување на урбанистичко технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување, со што се прави обид да се преуреди оваа материја.

Но, притоа, истиот останува недоречен, нецелосен и нелогичен. Како таков и непотребен.

Покрај тоа, изготвувачот на понудените измени воопшто и не утврдил кои се тие други мерки за заштита и спасување. Исто така, вака понуденото решение кореспондира со идентично решение што веќе еднаш егзистираше во поранешната

цивилна заштита, но како нерационално и нефункционално беше напуштено.

Покрај ова, изготвувачот не водел сметка за потребата од усогласување со останатите одредби од текстот на законот што ги повлекува оваа измена. Односно, со вака понудениот текст на измени на овој член се запоставува превентивниот карактер на мерките за заштита и спасување, на што многу јасно упатува ставот 2 на членот 50 од постојниот закон, што со овие измени не е променет.

Организацијата на мерки за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување.

Мереките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејствија и постапки од превентивен и оперативен карактер што ги подготвуваат и спроведуваат Републиката, преку органите на државната управа во областите за кои се основани, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби.

Во контекст на наведеново е и фактот што во образложението во Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување со Предлог на закон, во точка 6.3. - акти што треба да се донесат за извршување на истиот, не се предвидени измени на подзаконските акти што го уредуваат видот, големината и организирањето на силите на заштита и спасување.

Имајќи го предвид напред изнесеното, сметам дека вака понудените измени само ќе создадат конфузија кај субјектите за заштита и спасување, па од овие причини предлагам овој амандман да се прифати, а понудените измени се отфрлаат како контра продуктивни и непотреби. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Со членот 29 се врши поделба на мерките на урбанистичко-технички и хуманитарни, а се додаваат и две нови мерки, заштита и спасување од технички и технолошки несреќи и заштита и спасување од сообраќајни несреќи.

Поделбата е направена во консултација со домашни и странски експерти и е во насока на поголема ефикасност и ефективност на системот, како и, постапувајќи согласно усогласувањето на Директивата 31/996 и Европска унија 00/82 што се однесува на спречување и контрола на хаварии во присуство на опасни субстанци и усогласување со директивата 32/003 Европска унија 01/005 што се усогласени со барањето на Секретаријатот за Европски прашања, па од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, од нив за гласале 7, воздржано 1, против 48 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот? (Нема никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

Констатирам дека по амандманот вкупно гласале 56 пратеници, од нив 7 за, еден воздржан 48 пратеници гласале против.

Пред да констатирам, ги молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници)

Во салата се присутни 58 пратеници.

Со оглед на тоа гласањето не е полноважно и се поништува.

Се молат пратениците да влезат во салата за да извршиме полноважно гласање.

(Пратеници влегуваат во салата)

Во салата се присутни 61 пратеник и за тоа можеме полноважно да одлучува.

Се повторува гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

Во повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, од нив за гласале 6, воздржано 1, против 49 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По амандманот вкупно гласале 56 пратеници, од нив за 6 пратеници, 1 воздржан и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 29 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Отворам претрес по амандманот на член . . .

Само момент, ви давам збор, повелете.

**Горан Сугаревски:** Бидејќи има суштинска поврзаност претходниот амандман што не беше прифатен, со наредните од број 4 до број 14, ги повлекуваме. Ѓ

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 30 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 31 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 38 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 40 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 58 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 62 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 64 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 66 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 69 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 71 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Констатирам дека амандманот за бришење на член 73 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечем.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 75 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:**. Амандманот не се прифаќа.
**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Амандманот го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 77 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Сугаревски Горан.

**Горан Сугаревски:** Го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 79 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Сугаревски Горан.

**Горан Сугаревски:** Овој и следните, тоа се 81 и 98. Ги повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е повлечен.

Исто така, констатирам дека амандманот за бришење на член 81 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 98 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски и повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 99 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Сугаревски Горан.

**Горан Сугаревски:** Во член 99, текстот се менува и гласи "Членот 140 се менува и гласи - Инспекцискиот надзор над спроведување на овој закон и другите прописи во областа на заштита и спасување го вршат државни и овластени инспектори за заштита и спасување, (во натамошниот текст инспектори).

Државните инспектори за заштита и спасување вршат инспекциски надзор на објекти од 1 и од втора категорија и природни богатства со кои управува државата.

Објекти од прва категорија се: нуклеарен објект, термоцентрала, центар за истражување, телекомуникациски систем, нафтовод, магистрален гасовод и продуктовод и други инсталации во кои се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни субстанци и автопат, магистрален пат и главна пруга, аеродром, хидроелектрана, далновод со напонско ниво над 110 киловати, депонија со опасен отпад и друго".

Амандманот за изменување на постојниот член 140, го предлагам заради поконкретно уредување на инспекцискиот надзор од страна на овластени службени лица, инспектори за заштита и спасување.

Се утврдуваат објекти на надзор и се дефинираат надлежностите на државните инспектори на ниво на Дирекција и овластени инспектори за заштита и спасување на ниво на единици на локална самоуправа.

Исто така, амандманот го предлагам и во насока на актуелниот процес на децентрализација и деконцентрација на надлежности од државно на локално ниво, како и овозможување на активно учество и во областа на остварување на надзорната функција во заштита и спасувњето од страна на единиците на локалната самоуправа.

Со постојниот Закон за заштита и спасување, поголем дел на надележностите во целост се пренесени на локално ниво, кое пак на телата и органите на општините им овозможува да соодветно ја планираат, организираат и координираат заштитата и спасувањето на својата територија.

Единствени функции на заштита и спасување кои не се пренесени на локално ново се поголемиот дел од надлежности во сферата на меѓународната соработка како и на комплетниот инспекциски надзор.

Заради надминување на овие недоследности, а при тоа имајќи ја предвид меѓународната пракса и домашните искуства од досегашната имплементација на овој закон, како и големиот и разновиден број на субјекти кои се инволвирани во заштита и спасување, сметам дека предложениот начин на организација на надзорот во голема мера ќе придонесе за ефикасност и разионалност на заштита испасувањето во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за гласаа 11, воздржани 2, против 51 пратеник.

Ги молам членовите на Валдата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за гласаа 11, воздржани 2, а против гласале 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 99 поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 99-а по членот 99, поднесен од пратеникот Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Бидејки претходниот амандман не беше прифатен, исто така има суштинска поврзаност со наредните два амандмани, ги повлекувам двата амандмани.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Исто така, констатирам дека амандманот на член 100 за бришење на новиот член 141-б поднесен од пратеникот Горан Сугаревски е повлечен.

Во меѓувреме пратеникот Соња Мираковска поднесе амандман на член 2 за додавање 4 нови точки 10-а, 10-б, 10,в и 10-г, по точката 10 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Соња Мираковска и Горан Сугаревски поднесоа амандмани на член 50 за додавање два нови ставови 6 и 7 по ставот 5, член 107 за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1, член 108 за додавање нова алинеја 7 по алинеја 6 и на член 109 за внесување нова алинеја 1 пред алинејата 1 по кои Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандманот на член 2 за додавање 4 нови точли 10-а, 10-б, 10-в и 10-г по точката 10 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворма претрес по амандманот на член 50 за додавање 2 нови ставови 6 и 7 по ставот 5, поднесен од пратениците Соња Мираковска и Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворма претрес по амандманот на член 107 за додавање нова алинеја 2 по алинејата 1 поднесен од пратениците Соња Мираковска и Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворма претрес по амандманот на член 108 за додавање нова алинеја 7 по алинејата 6, поднесен од пратениците Соња Мираковска и Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворма претрес по амандманот на член 109 за внесување нова алинеја 1 пред алинејата 1, поднесен од пратениците Соња Мираковска и Горан Сугаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Со предложениот дел од амандмани сакавме да укажеме на потребата за допрецизирање на одредбите, бидејќи со законот не се уредува само системот, туку и целокупната заштита и спасување. Бидејќи системот е дел од заштитата и спасувањето. Исто така, барањето да се бришат определени членови е во насока на тоа идентификацијата процената на опасностите и нивното степенување е надлежност на сите субјекти воситемот на заштита и спасување, што е пропишано со посебни закони врз основа на кои што функционираат.

Исто така, сметам дека надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на истиот освен Дирекцијата, треба да вршат и единиците на локалната самоуправа. Со ова ќе се заокружи процесот на децентрализација во обласа на заштитата испасувањето. Бидејки, до сега се пренесени надлежностите во планирањето, спроведувањето на оперативни активности, формирање и употреба на сила за заштита и спасување, процена и следење на опасностите на настанатите последици, штети и едукација.

Во дел на амандманите од законот баравме да се уреди и вршењето на надзор, како и да се детализираат областите во кои ќе се врши надзор односно ќе врши надзор главниот инспектор, а во кои и овластениот инспектор. И покрај тоа што имавме определени забелешки, пратеничката група на СДСМ ќе гласа по овој закон. Благодарма.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Трајанов Павле, повелете.

**Павле трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас само неколку работи накусо. Мислам дека со овој закон односно со измените на овој Закон се подобрува целокупниот систем за заштита и спасување, но сакам да укажам на неколку сегменти.

Прво, битен сегмент во заштитата и спасувањето во Република Македонија беа територијалните противпожарни единици кои своевремено беа во општинска надлежност и се покажаа како крајно нефункционални со слаба опременост.

Користејќи го искуството од другите држави тие преминаа како составен дел на Министерството за внатрешни работи, но со децентализацијата повторно се во општинска надлежност. Мислам дека минатата година, посебно во летнио тпериод се покажа дека овој систем вака како што беше поставен беше многу неефикасен и дека имаше огромни проблеми во заштитата, посебно во заштитата од пожари и во тоа време директорот Панде Лазаревски јавно презеде обврска дека ќе направи една анализа на функционирањето на целиот систем и сигурно дека како резултат на тие анализи се предлагаат овие промени. Но, без разлика на се мислам дека оваа материја е многу сложена и дека треба посебно внимание да се обрне и во Владата, во Министерството за одбрана и другите министерства, а посебно во Дирекцијата или Управата за спасување и управување со кризи, затоа што како и сите други држави и Република Македонија ќе биде изложена на закани од видот на елементарни непогоди, пожари. Овој систем треба што е можно повеќе да се проверува како ќе функционира во праксата, се со цел до колку дојде до таква ситуација тој да биде мошне ефикасен, затоа што штетите се огромни.

Во оваа насока сакам да се заложам дека е неопходно покрај обуката на нови кадри да се користат и оние што до сега се обучиле, а останаа надвор од овие управи и дирекции и натаму да се води сметка околу техничкото управување на сите овие единици, затоа што се сметаше дека општините ќе имаат можност и противпожарните единици, но и другите единици да ги опремуваат, меѓутоа се покажа во праксата дека без помош од Буџетот многу тешко дека овие единици ќе можат да бидат модернизирани, бидејќи се работи за скапа опрема.

Во оваа насока сакам да укажам дека и престојниот период ќе се среќаваме со опасности како и минатата година и мислам дека треба многу внимание да се обрне на превентивното делување на спречување на можни пожари и други случувања што можат да нанесат огромни штети.

Во оваа насока мислам дека измените и дополнувањата ќе го подобрат овој систем за спасување и заштита, со надеж дека ќе имаме помалку пожари и помалку други елементарни непогоди. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за гласаа 66, воздржан 1, против нема никој.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за гласаа 66, воздржани 1, а против ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

Со ова ја прекинувам работата на денешната седница.

За продолжение по оваа седница накнадно ќе бидете известени.

Инаку, за утре е закажана нова седница, 5-та седница на Собранието на Република Македонија во 11,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот)